Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 338, 15 февруари 2024 година

февруари 2024 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТРАДИЦИОНАЛНИ ОРА НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП** ........ **3**

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕАТРОЛОГИЈА (СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА И ТАНЦИ) - БАЛЕТСКА ПЕДАГОГИЈА, ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **21**

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТРАДИЦИОНАЛНИ ОРА НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП** ........ **28**

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **43**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ ЗА Е-УЧЕБНИК „ТОТАЛЕН МЕНАЏМЕНТ НА КВАЛИТЕТ” ОД ПРОФ. Д-Р ЕЛИЗАБЕТА МИТРЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ **50**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ИНОВАЦИИ” ЗА СТУДЕНТИТЕ ОД ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, И ОСТАНАТИТЕ ФАКУЛТЕТИ И АКАДЕМИИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ОД ПРОФЕСОР Д-Р РИСТЕ ТЕМЈАНОВСКИ** ........ **56**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА УЧЕБНИК СО НАСЛОВ „ПРЕВЕДУВАЊЕ – ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА“ ОД ПРОФ. Д-Р ДАРИНКА МАРОЛОВА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ **62**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ОРТОПЕДИЈА НА ЗАБИ И ВИЛИЦИ” ОД ПРОФ. Д-Р СОФИЈА ЦАРЧЕВА-ШАЉА, ПРОФ. Д-Р БИЉАНА ЦИПУНОВА И АС. Д-Р САНДРА АТАНАСОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ **67**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 3 И КАМПУС 2** ........ **72**

**ПРЕГЛЕД**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА** ........ **73**

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТРАДИЦИОНАЛНИ ОРА НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Со Одлука бр. 1402- 100/5 од 1.11.2023 година донесена на 115. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија, одржана на 1.11.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во насловно звање насловен доцент во наставно-научната област *традиционални ора (60916)* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- **д-р Владимир Јаневски**, редовен професор од наставно-научната област методика на настава по народни ора (60916), вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип - претседател;
- **д-р Родна Величковска**, редовен професор - научен соработник од наставно-научната област етномузикологија (60902) - член;
- **м-р Христијан Николовски**, насловен доцент во наставно-научната област кинетографија (60916) на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип **–** член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Слободен печат” и „Коха“, на 17.10.2023 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката:

м-р Љупка Стефановска, стручен соработник на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на Музичката академија, на Одделот за етнокореологија. Вработена во НУ Центар за култура - Битола, како кореограф/етнокореолог.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, Рецензентската комисија констатираше дека се доставени сите потребни документи, согласно со објавениот Конкурс, и чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип што го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

М-р Љупка Стефановска е родена во 1980 година во Битола. Основно и средно образование завршува во Битола. Дипломира на Одделот за етнокореологија на УГД - Штип во 2018 година на тема „*Културно-уметнички и историски аспекти на КУД ’Илинден’ – Битола*“. Степенот на магистер го стекнува на истиот оддел, во 2022 година, на тема „*Етнокореолошки аспекти на фестивалските сцени*“.

Кандидатката м-р Љупка Стефановска своето стручно и професионално искуство почнала да го оформува во 2014 година со запишувањето на Катедрата за етнокореологија на Музичката академија при УГД - Штип. Од 2019 година се до денес кандидатката е вработена во НУ Центар за култура - Битола, како кореограф/етнокореолог. Од 2018 година кандидатката е ангажирана како стручен соработник на Универзитетот „Гоце Делчев“, на Музичката академија во Штип, на Одделот за етнокореологија. Од 2014 година се до ден-денес е уметник на Ансамбл „Македонија“.

М-р Љупка Стефановска е автор на стручни трудови, монографии и дела, долгогодишна игроорка, автор на сценски адаптации на традиционална музика и игра, стручен соработник, уредник на фолклорни, музички и други настани и манифестации, член на совет и селектор на фолклорни и други музички фестивали, како и автор на кореографии во областа на модерните танци и театарски претстави.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент од областа на музичката уметност за стручно-уметничките предмети***

**Општи услови за избор:**

1. Диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен.

- Стекнат степен **магистер по етнокореологија** на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Македонија, со просек 10;
- Стекнат степен **дипломиран етнокореолог** на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Македонија, со просек 9,74;

2. Изведба на 35 целовечерни концерти во земјава и 9 целовечерни концерти во странство.

***Концертни активности во земјава***

| ***Р. б.*** | ***Место*** | ***Датум*** | ***Повод*** | ***Наслов*** | ***Настап/ Целовечерен концерт*** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | НУ Центар за култура Битола | 21.12.2014 г. | Годишен концерт | Градски – селски Велигден | Целовечерен концерт со КУД „Илинден“ Битола |
| 2 | Македонски народен театар – Скопје | 29.4.2015 г. | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 3 | Македонски народен театар – Скопје | 29.4.2015 г. (втора претстава) | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 4 | Македонски народен театар – Скопје | 30.4.2015 г. | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 5 | Македонски народен театар – Скопје | 30.4.2015 г. (втора претстава) | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 6 | Македонски народен театар – Скопје | 4.5.2015 г. | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Македонски народен театар – Скопје | 4.5.2015 г. (втора претстава) | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 8 | Дом на култура, Кавадарци | 16.10.2015 г. | Есенски културни денови | / | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 9 | Дом на култура, Демир Капија | 18.10.2015 г. | Концерт | / | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 10 | Македонски народен театар, Скопје | 11.12.2015 г. | Годишен концерт на ансамблот | На аскер ќе одам | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 11 | Салон на МНТ – нов објект | 13.3.2016 г. (втора претстава) | Концерт | На аскер ќе одам | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 12 | Македонски народен театар, Скопје | 29.11.2016 г. | Годишен концерт | Махмуд се готви | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 13 | Македонски народен театар, Скопје | 29.11.2016 г. (втора претстава) | Годишен концерт | Махмуд се готви | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 14 | Дом на култура „Бели мугри“, Кочани | 1.12.2016 г. | Концертна турнеја низ Македонија | / | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 15 | Завод и Музеј - Штип | 23.3.2017 г. | 10 години јубилеј од постоење на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип | / | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 16 | Вевчани | 17.8.2017 г. | Отворање на 7. Фестивал на народна култура „Пображење“ -Вевчани | / | Целовечерен концерт со КУД „Илинден“ -Битола |
| 17 | Македонски народен театар – Скопје | 2.4.2018 г. | Годишен концерт | / | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 18 | Центар за култура – Битола | 9.05.2018 г. | Концерт полугодишен | / | Целовечерен концерт со КУД „Илинден“ -Битола |
| 19 | НУ Центар за култура „Марко Цепенков“ – Прилеп | 6.11.2018 г. | Концерт | / | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 20 | НУ Центар за култура -Битола | 21.12.2018 г. | Годишен концерт | Градски приказни | Целовечерен концерт со КУД „Илинден“ -Битола |
| 21 | Центар за култура – Битола | 1.6.2019 г. | Меѓународна ревија на народни носии | Меѓународна ревија на народни носии | Ревија и целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 22 | Музеј на македонската борба | 2.6.2019 г. | Меѓународна ревија на народни носии | Меѓународна ревија на народни носии | Ревија и целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 23 | Центар за култура - Неготино | 31.10.2019 г. | Концертна турнеја | | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 24 | Дом на култура - Кавадарци | 1.11.2019 г. | Концертна турнеја | | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 25 | Центар за култура – Битола | 22.12.2019 г. | Годишен концерт | Македонски вез | Целовечерен концерт со КУД „Илинден“ -Битола |
| 26 | Музеј на македонската борба | 10.12.2021 г. | Промоција на спот и концерт | | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 27 | Центар за култура – Битола | 24.12.2021 г. | Годишен концерт | Од Река до Пијанец | Целовечерен концерт со КУД „Илинден“ -Битола |
| 28 | Безистен – Штип | 30.3.2022 г. | Прославување 15 години на УГД и Музичка академија | | Концерт на Ансамбл „Македонија“ |
| 29 | НУ Центар за култура „Ацо Ѓорчев“ -Неготино | 20.5.2022 г. | Концерт | / | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 30 | Дворот на црквата „Св. Кирил и Методиј“ | 24.5.2022 г. | Свечена литија | | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 31 | Културно-информативен центар – Битола | 10.6.2022 г. | Полугодишен концерт | Битола е градот | Целовечерен концерт со КУД „Илинден“ -Битола |
| 32 | Културно-информативен центар „Офицерски дом“ - Битола | 25.7.2022 г. | Реализација на проект од градската култура | Мултимедијален проект | Изложба и целовечерен концерт на Ансамбл „Македонија“ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 33 | Центар за култура – Битола | 20.12.2022 г. | Годишен концерт | Поведи коло танчаријо | Целовечерен концерт со КУД „Илинден“ -Битола |
| 34 | Двор на црква „Св. Кирил и Методиј“ – Гевгелија | 24.5.2023 г. | Свечена литија | Ансамбл „Македонија“ поблиску до народот | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 35 | НУ Центар за култура „Кочо Рацин“ - Кичево | 19.10.2023 г. | Концерт | Ансамбл „Македонија“ поблиску до народот | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |

***Концертни активности во странство***

| **Р. б.** | **Место** | **Датум** | **Повод** | **Наслов** | **Настап/ целовечерен концерт** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Лесковац, Качарево, Белград, Панчево, Република Србија | 12.10.-16.10.2015 г. | Концертна турнеја | / | 4 целовечерни концерти со Ансамбл „Македонија“ |
| 2 | Отворена сцена Врбени – Екшису – Грција | 17.7.2016 г. | Концерт | / | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 3 | Црна Гора, Србија, Хрватска | од 5.5.2017 до 12.5.2017 г. | Концертна турнеја | / | 5 целовечерни концерти со Ансамбл „Македонија“ |
| 4 | Загреб, Република Хрватска | од 20.7.2017 до 24.7.2017 г. | Меѓународна смотра фолклора – Хрватска | / | Ревија на носии/ настапи (5)/ целовечерни концерти (4) со Ансамбл „Македонија“ |
| 5 | Ковачевац, Србија | 31.6.-2.7.2018 г. | Балкански сусрети | | Концертна турнеја со Ансамбл „Македонија“ |
| 6 | Црна Гора | 10.10.-12.10.2018 г. | Концертна турнеја | Tradicija spaja | Ревија на народни носии, концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 7 | Кикинда – Србија, Трњани и Загреб – Хрватска | 16.10.-22.10.2018 г. | Концертна турнеја | / | Работилници семинари, настапи и целовечерни концерти со Ансамбл „Македонија“ |
| 8 | Нови Пазар, Србија | 26.1.-27.1.2020 г. | Концертна турнеја | / | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9 | Петрич, Република Бугарија | 29.10.2022 г. | Учество на фестивал на Русалиите | / | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |

3. Објавени десет научни трудови во референтни научни публикации во претстојните години.

- Стефановска, Љупка, (2018). 47 години Републички фестивал на народни игри и песни „Илинденски денови“ – Битола (1971 – 2018), *Годишен зборник V/5,* УГД – Штип, Музичка академија, Штип, стр. 125–129;
- Стефановска, Љупка, (2018). Жената во орото кај Мијаците, Брсјаците и Шопите, *Зборник на трудови X*, Илинденски денови – НУЦК – Битола, стр. 54–60.
- Стефановска, Љупка, (2019). Фестивалот „Илинденски денови“ како дел од CIOFF федерацијата, *Зборник на трудови XI*, Илинденски денови – НУЦК-Битола, стр. 65–74;
- Стефановска, Љупка, (2020). Битола и Битолско – дел од „Брсјачката“ етнографска целина, *Академски такт на фолклорот и традицијата – прилози,* МНД – Битола, стр. 60–71;
- Стефановска, Љупка, (2020). Илија Хр. Алушевски – современ собирач на македонски народни песни, *Зборник на трудови XII,* Илинденски денови, НУ Центар за култура – Битола, Битола, стр. 37–47.
- Стефановска, Љупка, (2020). Почетоците (1954 – 1980 година), *КУД „Илинден“ – Битола (1955 – 2020) – монографија*, Битола, стр. 16–37.
- Стефановска, Љупка; Стефановски, Александар, (2020). 65 години КУД „Илинден“ Битола – културно-општествен влијател, *Академски такт на фолклорот и традицијата – прилози,* МНД – Битола, стр. 106–119;
- Стефановска, Љупка, (2021). Класификација на фестивалите, *Зборник на трудови XIII,* Илинденски денови, НУ Центар за култура – Битола, Битола.
- Стефановска, Љупка, (2022). Сцена и сценска изведба, *Зборник на трудови XIV,* Илинденски денови, НУ Центар за култура, Битола, стр. 69–76.
- Стефановска, Љупка, (2023). Жената во обредната пејачка традиција кај Македонците муслимани од с.Октиси, Зборник на трудови XV, Илинденски денови, НУ Центар за култура – Битола, Битола.

**Посебни услови:**

1. М-р Љупка Стефановска е стручен соработник на Универзитетот „Гоце Делчев“ на Музичката академија во Штип на Одделот за етнокореологија, активен учесник на конференции, предавач на национални, регионални и меѓународни семинари и состаноци од областа на етнокореологијата, реализатор на самостојни проекти како и учесник во креирање, раководење и реализација на проекти, учесник во селективни комисии, одбори и совет на фестивали.

2. Препораки од двајца професори од соодветната област – Кандидатката достави препораки во прилог.

3. Автор на монографија

- М-р Љупка Стефановска е автор на монографија со наслов *65 години КУД „Илинден“ – Битола (1955 – 2020),* Битола 2020 г., издавач – Здружение за фолклор, песни, игри и обичаи Културно-уметничко друштво „Илинден“ - Битола, стр. 16 – 37, со делот *Почетоците (1954 – 1980)*

4. Автор на две сценски адаптации

- 2021 *Ај раскажвај ми бабо* – традиционални ора, ороводни песни и песни од етничкиот предел Битолско Поле: поставена 2021 година во КУД „Илинден“ - Битола.
- 2022 *Поведи коло танчаријо* – традиционални ора, ороводни песни и песни од етничкиот предел Источен дел на Славиште: поставена 2022 година во КУД „Илинден“ - Битола; 2023 година во КУД „8-ми Септември“ - Крива Паланка.

5. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО и НИ)=244; (САОР)=30 или вкупно 274 поени.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Од 2018 година до денес (2023 год.), м-р Љупка Стефановска е ангажирана како стручен соработник на Универзитетот „Гоце Делчев“ на Музичката академија во Штип на Одделот за етнокореологија. Во опсегот на нејзините активности во овој период спаѓаат: Традиционални ора 1, 2, 3 и 4, Фестивали и манифестации, Антропологија на игра и Семинар на традиционална игра (практични предавања на стручни студии по етнокореологија), каде што таа покажува одлични едукативни и наставни способности кон студентите кои се едуцираат на катедрата.

***Концертни активности во земјата***

| *Р. б.* | *Место* | *Датум* | *Повод* | *Наслов* | *Настап/ целовечерен концерт* |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | НУ Центар за култура - Битола | 21.12.2014 г. | Годишен концерт | Градски – селски Велигден | Целовечерен концерт со КУД „Илинден“ -Битола |
| 2 | Македонски народен театар – Скопје | 29.4.2015 г. | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 3 | Македонски народен театар – Скопје | 29.4.2015 (втора претстава) | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт со Ансамбл МАКЕДОНИЈА |
| 4 | Македонски народен театар – Скопје | 30.04.2015 | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт со Ансамбл МАКЕДОНИЈА |
| 5 | Македонски народен театар – Скопје | 30.04.2015 (втора претстава) | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт со Ансамбл МАКЕДОНИЈА |
| 6 | Македонски народен театар – Скопје | 04.05.2015 | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт со Ансамбл МАКЕДОНИЈА |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Македонски народен театар – Скопје | 04.05.2015 (втора претстава) | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт со Ансамбл МАКЕДОНИЈА |
| 8 | Дом на Култура, Кавадарци | 16.10.2015 | Есенски културни денови | / | Целовечерен концерт со Ансамбл МАКЕДОНИЈА |
| 9 | Дом на Култура, Демир Капија | 18.10.2015 | Концерт | / | Целовечерен концерт со Ансамбл МАКЕДОНИЈА |
| 10 | Македоснки народен театар, Скопје | 11.12.2015 | Годишен концерт на ансаблот | На аскер ќе одам | Целовечерен концерт со Ансамбл МАКЕДОНИЈА |
| 11 | Салон на МНТ – нов објект | 13.03.2016 (втора претстава) | Концерт | На аскер ќе одам | Целовечерен концерт со Ансамбл МАКЕДОНИЈА |
| 12 | Македноски народен театар, Скопје | 29.11.2016 | Годишен концерт | Махмуд се готви | Целовечерен концерт со Ансамбл МАКЕДОНИЈА |
| 13 | Македонски народен театар, Скопје | 29.11.2016 (втора претстава) | Годишен концерт | Махмуд се готви | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 14 | Дом на култура Бели мугри, Кочани | 1.12.2016 г. | Концертна турнеја низ Македонија | / | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 15 | Завод и Музеј на град Штип | 23.3.2017 г. | 10 години јубилеј од постоење на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип | / | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 16 | Вевчани | 17.8.2017 г. | Отворање на 7-от фестивал на народна култура „Пображење“ -Вевчани | / | Целовечерен концерт со КУД „Илинден“ -Битола |
| 17 | Македонски народен театар – Скопје | 2.4.2018 г. | Годишен концерт | / | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 18 | Центар за култура – Битола | 9.5.2018 г. | Концерт полугодишен | / | Целовечерен концерт со КУД „Илинден“ -Битола |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 19 | НУ Центар за култура „Марко Цепенков“ – Прилеп | 6.11.2018 | Концерт | / | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 20 | НУ Центар за култура Битола | 21.12.2018 г. | Годишен концерт | Градски приказни | Целовечерен концерт со КУД „Илинден“ - Битола |
| 21 | Центар за култура – Битола | 1.6.2019 г. | Меѓународна ревија на народни носии | Меѓународна ревија на народни носии | Ревија и целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 22 | Музеј на македонската борба | 2.6.2019 г. | Меѓународна ревија на народни носии | Меѓународна ревија на народни носии | Ревија и целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 23 | Центар за култура, Неготино | 31.10.2019 г. | Концертна турнеја | | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 24 | Дом на култура, Кавадарци | 1.11.2019 г. | Концертна турнеја | | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 25 | Центар за култура – Битола | 22.12.2019 | Годишен концерт | Македонски вез | Целовечерен концерт со КУД „Илинден“ -Битола |
| 26 | Музеј на македонската борба | 10.12.2021 г. | Промоција на спот и концерт | | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 27 | Центар за култура – Битола | 24.12.2021 | Годишен концерт | Од Река до Пијанец | Целовечерен концерт со КУД „Илинден“ -Битола |
| 28 | Безистен – Штип | 30.3.2022 г. | Прославување 15 години на УГД и Музичка академија | | Концерт на Ансамбл „Македонија“ |
| 29 | НУ Центар за култура „Ацо Ѓорчев“ -Неготино | 20.5.2022 г. | Концерт | / | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 30 | Дворот на црквата „Св. Кирил и Методиј“ | 24.5.2022 г. | Свечена литија | | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 31 | Културно-информативен центар – Битола | 10.6.2022 г. | Полугодишен концерт | Битола е градот | Целовечерен концерт со КУД „Илинден“ -Битола |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 32 | Културно-информативен центар „Офицерски дом“ - Битола | 25.7.2022 г. | Реализација на проект од градската култура | Мултимедијален проект | Изложба и целовечерен концерт на Ансамбл „Македонија“ |
| 33 | Центар за култура – Битола | 20.12.2022 г. | Годишен концерт | Поведи коло танчаријо | Целовечерен концерт со КУД „Илинден“ -Битола |
| 34 | Двор на црква „Св. Кирил и Методиј“ – Гевгелија | 24.5.2023 г. | Свечена литија | Ансамбл „Македонија“ поблиску до народот | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 35 | НУ Центар за култура „Кочо Рацин“ - Кичево | 19.10.2023 г. | Концерт | Ансамбл „Македонија“ поблиску до народот | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |

***Концертни активности во странство***

| **Р. б.** | **Место** | **Датум** | **Повод** | **Наслов** | **Настап/ целовечерен концерт** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Лесковац, Качарево, Белград, Панчево, Република Србија | 12.10.-16.10.2015 г. | Концертна турнеја | / | 4 целовечерни концерти со Ансамбл „Македонија“ |
| 2 | Отворена сцена Врбени – Екшису – Грција | 17.7.2016 г. | Концерт | / | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 3 | Црна Гора, Србија, Хрватска | од 5.5.2017 до 12.5.2017 г. | Концертна турнеја | / | 5 целовечерни концерти со Ансамбл „Македонија“ |
| 4 | Загреб, Република Хрватска | од 20.7.2017 до 24.7.2017 г. | Меѓународна смотра фолклора – Хрватска | / | Ревија на носии/ настапи (5)/ целовечерни концерти (4) со Ансамбл „Македонија“ |
| 5 | Ковачевац, Србија | 31.6.-2.7.2018 г. | Балкански сусрети | | Концертна турнеја со Ансамбл „Македонија“ |
| 6 | Црна Гора | 10.10.-12.10.2018 г. | Концертна турнеја | Tradicija spaja | Ревија на народни носии, концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 7 | Кикинда – Србија, Трњани и Загреб – Хрватска | 16.10. - 22.10.2018 г. | Концертна турнеја | / | Работилници семинари, настапи и целовечерни концерти со Ансамбл „Македонија“ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Нови Пазар, Србија | 26.1.-27.1.2020 г. | Концертна турнеја | / | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |
| 9 | Петрич, Република Бугарија | 29.10.2022 г. | Учество на фестивал на Русалиите | / | Целовечерен концерт со Ансамбл „Македонија“ |

***Активности како предавач***

- **2018 - 2024** - Педагошка дејност, хонорарно ангажирана како стручен соработник на Музичката академија при УГД – Штип, Оддел за етнокореологија, по предметите: *Традиционални ора, Фестивали и манифестации, Антрополошка анализа на играта, Семинар за традиционална игра.*
- **8 / 2018 -** *Семинар и јавен час по народни ора и песни,* НУЦК „Ацо Ѓорчев“ - Неготино.
- ***7 / 2023*** *– Реално шоу ФОЕТЕРИЕН,* Франција, Хераклеа Битола.
- **9 / 2023 -** *ЕХО академии*, Здружение за одржлив развој „Сфера интернешнал“ Битола.

***Автор на сценски адаптации***

- **2021** *Ај раскажвај ми бабо* – традиционални ора, ороводни песни и песни од етничкиот предел Битолско Поле.
- **2022** *Поведи коло танчаријо* – традиционални ора, ороводни песни и песни од етничкиот предел Источен дел на Славиште.

***Самостојни проекти / носител***

- ***2020*** *Етнокореолошка валоризација на материјалното и нематеријалното богатство во етничкиот предел Битолско Поле* – самостоен проект.
- ***2022*** *Истражување на орската и песнопојната традиција во етничкиот предел Источен ден на Славиште* – самостоен проект.
- ***2023*** *120 години Илинденско востание* – носител на проект во реализација со КУД „Илинден“ - Битола.

***Учество во креирање, раководење и реализација на проекти***

- *Концертна турнеја во Македонија*, проект на Ансамбл „Македонија“, поддржан од Министерство за култура, 2016 год. – учесник во реализација на проектот.
- *Концерт на традиционална музика и игра: СКОПЈЕ – КУЛТУРНА ТУРИСТИЧКА АТРАКЦИЈА,* проект на Ансамбл „Македонија, поддржан од Град Скопје, 2017 год. – учесник во реализација на проектот.
- *Концертна турнеја на Ансамбл „Македонија“,* проект на Ансамбл „Македонија“, поддржан од Министерство за култура на РМ, Скопје, 2017 год. – учесник во реализација на проектот.
- *Меѓународна ревија на народни носии*, проект на Ансамбл „Македонија“, поддржан од Град Скопје, 2018 год. – учесник во реализација на проектот.
- Изложба - *Курт Хејлишер во Македонија*, проект на Ансамбл „Македонија“, поддржан од Град Скопје, 2019 год. – учесник во реализација на проектот.

- *Подвижна традиционална уметност*, проект на Ансамбл „Македонија", поддржан од Град Скопје, 2019 год. - учесник во реализација на проектот.
- *Низ годишните циклуси*, проект на Ансамбл „Македонија", поддржан од Министерство за култура, 2019 год. - учесник во реализација на проектот.
- *Меѓународна ревија на народни носии*, проект на Ансамбл „Македонија", поддржан од Министерство за култура, 2019 год. - учесник во реализација на проектот.
- *Републички фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови" - Битола* – фолклорен фестивал во реализација на НУ Центар за култура – Битола - од 2019 год. до денес активно учество во селекција на учесници, програмско осмислување, организација и реализација на фестивалот и сите негови пропратни манифестации.
- *Фестивал на музика од светот*, интернационален музички фестивал во реализација на НУ Центар за култура – Битола - од 2019 год. до денес учесник во совет на фестивалот, како и реализација на истиот.
- *Новогодишен концерт*, проект на Камерниот оркестар на Битола, во реализација на НУ Центар за култура – Битола - од 2019 год. до денес активен учесник во организирање, уредување и реализација на концертот.
- *Божиќен концерт*, проект на Камерниот оркестар на Битола, во реализација на НУ Центар за култура – Битола - од 2019 год. до денес активен учесник во организирање, уредување и реализација на концертот.
- *Концерт во чест на Тоше Проески*, проект на Камерниот оркестар на Битола, во реализација на НУ Центар за култура – Битола - од 2019 год. до денес активен учесник во организирање, уредување и реализација на концертот.
- *Цапарските Бабари*, проект на КУД „Илинден" - Битола за 2021 год., поддржан од Министерство за култура на РС Македонија – учесник и стручен соработник при реализација на проектот.
- *Градски-селски Велигден*, проект на КУД „Илинден" - Битола за 2023 год., поддржан од Министерство за култура на РС Македонија – учесник и стручен соработник при реализација на проектот.
- *Интернационален фестивал на Монодрама Битола*, во реализација на НУ Центар за култура – Битола - од 2019 год. до денес учесник во Совет на фестивалот, организација и реализација на истиот.
- *Ансамбл „Македонија" поблиску до народот,* проект на Ансамбл „Македонија", поддржан од Министерство за култура за 2023 год. – учесник во реализација на проектот.
- *Реално шоу „Фоетериен"*, проект на Француска продукција - 2023 год. – учесник како предавач на Традиционални ора и комисија за оценување на учесниците.
- *ЕХО академии*, проект на Здружение за одржлив развој „Сфера интернешнал" - Битола, поддржан од Европска Унија во 2023 год. – предавач на мастер час на тема „Етнографски и етнокореолошки аспекти на Битола и Битолско" на учесници од: Македонија, Хрватска, Србија, Германија, Холандија, Колумбија и Бангладеш.

***Учество во селективна комисија, одбор и совет на фестивал***

- Меѓународен детски фолклорен фестивал „Младоста на Балканот", КУД „Илинден" - Битола, 2015 год. – член на Одбор на фестивалот.

- Меѓународен детски фолклорен фестивал „Сонценца“, КУД „Илинден“ Битола, 2016 год. – член на Одбор на фестивалот.
- Републички фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови“ - Битола, НУ Центар за култура - Битола, од 23 ноември 2018 год. до денес член на Совет на фестивалот.
- Републички фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови“ - Битола, НУ Центар за култура Битола, од 28 мај 2019 год. до денес член на Програмско-селективна комисија на фестивалот.
- Интернационален фестивал на Монодрама, НУ Центар за култура - Битола, од 2018 год. до денес – член на Совет на фестивалот.
- Фестивал на музика од светот, НУ Центар за култура - Битола, од 2018 год. до денес - член на Совет на фестивалот.

***Учество на конференции***

- Стручен научен собир „Академски такт за фолклорот и етнологијата“, *Битола и Битолско – дел од „Брсјачката“ етнографска целина,* Македонско научно друштво и НУ Центар за култура – Битола, 29.7.2020 г.
- Стручен научен собир „Академски такт за фолклорот и етнологијата“, *65 години КУД „Илинден“ - Битола – културно-општествен влијател*, Македонско научно друштво и НУ Центар за култура – Битола, 29.7.2020 г.

***Објавени трудови***

- **Стефановска, Љупка,** (2018). 47 години Републички фестивал на народни игри и песни „Илинденски денови“ – Битола (1971 – 2018), Годишен зборник V/5, УГД – Штип, Музичка академија, Штип, стр. 125–129;

Резиме: Во оваа тема, авторката Стефановска ставила акцент на еден од најстарите фолклорни фестивали на народни игри и песни во државата, Илинденски денови - Битола, формиран од група ентузијасти по згаснувањето на двата фолклорни фестивали, формирани по Втората светска војна на 11 октомври 1947 година. Таа дава јасна слика за создавањето и формирањето на новата фестивалска сцена за презентирање на повеќе музичко-фолклорни специфики и различности, ревитализирајќи ја традицијата и архивирајќи го нашето културно наследство. Авторката истакнува уште дека неисцрпното културно минато и традиција, живее, се оживува и се презентира, токму на сцената на Републичкиот фестивал на народни игри и песни „Илинденски денови“ – Битола од 1971 година па до денес.

- **Стефановска, Љупка,** (2018). Жената во орото кај Мијаците, Брсјаците и Шопите, Зборник на трудови X, Илинденски денови – НУЦК – Битола, стр. 54–60.

Резиме: Во овој труд, авторката Љупка Стефановска ја опишува жената преку називите *Мијаци, Брсјаци* и *Шопи,* кои всушност се етноними и егзоними со кои се обраќале луѓето на одредени населени места на територијата на Македонија. Жената како творец, темел и носител на традицијата, претставува мотив кај авторката, во трудот да ги истакне нејзиното секојдневно однесување, начин на живот, обичаи, празнувања, и спецификите, правејќи компарација помеѓу трите етнички групи на територија на Македонија, поточно западна, југозападна и централна и источна група, низ призмата на изведувањето на играта или орото.

- **Стефановска, Љупка,** (2019). Фестивалот „Илинденски денови“ како дел од CIOFF федерацијата, Зборник на трудови XI, Илинденски денови – НУЦК, Битола, стр. 65–74.

Резиме: За зачувување, популаризирање и презентирање на нашето традиционално материјално и нематеријално културно и фолклорно богатство, покрај ансамблите и културно-уметничките друштва, голема заслуга имаат и фолклорните фестивали и манифестации, истакнува авторката Стефановска во својот труд. Таа фолклорните фестивали ги дефинира како простор (можност) за реализација на идејата и место каде што се презентираат слики од автентичноста на одредени сегменти од животот на еден народ како и неговите навики, обичаи, неговото творештво, преку орото, песната, музиката и облековните елементи. Авторката ги истакнува карактеристиките на најголемиот фолклорен фестивал во државата, со интернационална организација на фолклорни фестивали, каде што фестивалот е член и единствен на Балканот, кој во 2017 година се здобил со сертификат за членство, кој бара голема организациско-реализирачка одговорност.

- **Стефановска, Љупка,** (2020). Битола и Битолско – дел од „Брсјачката“ етнографска целина, Академски такт на фолклорот и традицијата – прилози, МНД – Битола, стр. 60–71.

Резиме: Како тема на обработка на овој труд, Љупка Стефановска го има разработено Југозападното игроорно подрачје или Брсјачката етнографска целина. Направен е детален опис на неговите етнолошки, етнографски и пред се етнокореолошки карактеристики, неговата местоположба, граници и поставеност. Со овој труд авторката остава податлив материјал во врска со ората и орската традиција, места, услови и простор за играње, музичка придружба на ората, како и други антрополошки податоци во врска со играњето, задржувајќи се на Битола и Битолско. Посебен акцент е ставен на класификацијата на ората од повеќе аспекти и тоа: според функција на обредни и соборски, како и според полот на машки, женски и мешани ора, давајќи и подетален осврт на истите. Од големо значење е анализата на ората, која ја направила авторката, а кои и денес се дел од живата традиција меѓу луѓето од овој етнички предел т.е. се играат на забави, свадби, прослави, а најмногу се чуваат од заборав во културно-уметничките друштва и ансамбли од овој регион, а и од цела држава.

- **Стефановска, Љупка; Стефановски, Александар,** (2020). 65 години КУД „Илинден“ Битола – културно-општествен влијател, Академски такт на фолклорот и традицијата – прилози, МНД – Битола, стр. 106–119.

Резиме: Во овој труд, Стефановска дава јасна слика за КУД „Илинден“ во Битола, како најстаро друштво во југозападниот регион и едно од најстарите во државата, кое со своето 65-годишно постоење и функционирање, го означува културно-општествено дејствување во градот и државата. Имено, авторката пишува за почетоците, достигнувањата, активностите, членството на Друштвото. Покрај големиот број концерти во сите градови во државата, авторката става акцент на голем број гостувања и турнеи надвор од границите на нашата држава, како и големиот број награди, плакети и пријателства, кои се уште еден доказ за успешното функционирање и опстојување на Друштвото. За 65-годишниот јубилеј на КУД „Илинден“ -Битола, Стефановска го посветила и овој труд, ставајќи траен белег на еден културен извор, кој претставува непресушен вруток на традицијата за сите генерации, а посебно за младите.

- **Стефановска, Љупка,** (2020). Илија Хр. Алушевски – современ собирач на македонски народни песни, Зборник на трудови XII, Илинденски денови, НУ Центар за култура – Битола, Битола, стр. 37–47.

Резиме: Во овој труд, Стефановска пишува за животот, дејноста и творештво на еден од најстарите преточувачи на народното творештво, особено песната, тоа е Илија Хр. Алушевски. Тој народните умотворби, како и одредени карактеристики, навики, обреди и обичаи пренесени од усното предание кај народот, како што забележала авторката, ги преточувал на хартија, од каде што произлегле и првите негови збирки на народни песни и умотворби на македонскиот народ, чија вредност низ годините се зголемува.

- **Стефановска, Љупка,** (2020). Почетоците (1954 – 1980 година), КУД „Илинден" – Битола (1955 – 2020) – монографија, Битола, стр. 16–37.

Резиме: Во овој труд на Љупка Стефановска, кој е всушност и прв дел од монографија на КУД „Илинден" Битола, таа пишува за почетоците и развојниот пат на Друштвото во првите 26 години, добивање на името, првите претседатели, управни одбори и уметнички раководители. Посебен акцент е ставен на авторите на ората и кореографиите што ги изведувале членовите на Друштвото, гостувањата во државата и надвор од неа, како и големиот број награди со кои се здобило Друштвото во тоа време.

- **Стефановска, Љупка,** (2021). Класификација на фестивалите, Зборник на трудови XIII, Илинденски денови, НУ Центар за култура – Битола, Битола.

Резиме: Фолклорните фестивалите се јавуваат како организирани празнични појави со точно изградена сцена за презентирање на културното наследство и претставуваат реализација на идејата, на едно место да се презентираат автентични слики од одредени сегменти од живеењето на еден народ, како и неговите навики, обичаи, творештво, преточени на сцената преку орото, песната, музиката и облековните елементи.

- **Стефановска, Љупка,** (2022). Сцена и сценска изведба, Зборник на трудови XIV, Илинденски денови, НУ Центар за култура, Битола, стр. 69–76.

Резиме: Сцената како место и простор за игра, изведба, презентација, забава, разгледувана од повеќе аспекти, претставува тема на овој труд од авторката Љупка Стефановска. Таа пишува за сцената која од првобитен едноставен неограничен простор, исполнет со својата статичност, низ годините ја докажува обратната слика за целосна синкретичка мобилност, се развива и менува исто како и развојот на човекот и општеството. Исто така авторката забележува дека сцената, како предизвик за секој уметник, преку сите видови на перформанси кои привлекуваат публика, претставува и место за презентирање на еден од најраспространетите видови изведби наменети за сцената, со амбасадорска способност да привлече најголема публика во земјата и надвор од неа, тоа е фолклорот.

- **Стефановска, Љупка,** (2023). Жената во обредната пејачка традиција кај Македонците муслимани од с.Октиси, Зборник на трудови XV, Илинденски денови, НУ Центар за култура – Битола, Битола.

Резиме: Тема на обработка во овој труд од авторката Стрефановска е македонската жена со муслиманска вероисповед, разгледувана во обредната пејачка традиција кај Македонците муслимани од селото Октиси. Како носител, згрижувач и чувар на традицијата создадена во далечното минато со изведбено усно пренесување од генерација на генерација на песните кои и денес се дел од живата традиција кај ова население, авторката Стефановска дава јасна слика

за социолошката и психолошката атмосфера во која егзистирало ова пеење, докажувајќи го повеќевековното егзистирање на многу стара обредно-пејачка култура, која претрпела промени, сочувувајќи ги карактеристиките на архаичното.

***Награди***

- Сојуз на стопански комори на Република Македонија доделува награда „ПРИЗНАНИЕ ЗА МАКЕДОНСКИ КВАЛИТЕТ 2016 ГОДИНА", Музеј на македонската борба, 2.12.2016 г. – на Ансамбл „Македонија" (Љупка Стефановска учесник при реализацијата).
- Награда „4 Ноември" на градот Битола од обласна на културата. 4.11.2015 – на КУД „Илинден" - Битола (Љупка Стефановска учесник при реализацијата).
- Фестивал на народна култура „Пображење" - Вевчани, доделува награда „ЧУВАРИ НА ТРАДИЦИЈАТА" 17.9.2017 – на КУД „Илинден" - Битола (Љупка Стефановска учесник при реализацијата).

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во периодот од 2018 до 2023 година м-р Љупка Стефановска е доста активна во област на етнокореологијата, како од уметнички така и од стручен и научен аспект:

- во 2020 година со група автори ја пишуваат монографијата *КУД „Илинден" – Битола (1955 – 2020)*, издадена во Битола во 2020 година, каде што таа го пишува првиот дел од стр. 16–37, насловен како *Почетоците (1954 – 1980 година),*
- во 2020 година реализира самостоен проект финансиран од Министерство за култура на РСМ - *Етнокореолошка валоризација на материјалното и нематеријалното богатство во етничкиот предел Битолско Поле,* од кои теренските истражувања, произлегува сценска адаптација *Ај раскажвај ми бабо,* поставена во КУД „Илинден" - Битола во 2021 година,
- во 2022 година од реализацијата на проектот *Истражување на орската и песнопојната традиција во етничкиот предел Источен ден на Славиште,* кај авторката резултира со сценска адаптација *Поведи коло танчаријо,* сценски адаптирана во КУД „Илинден" - Битола, а во 2023 година се поставува и во КУД „8-ми Септември" - Крива Паланка.

Сите овие активности, ангажмани и дејности на кандидатката Љупка Стефановска се од големо стручно, научно, развојно и едукативно значење за етнокореолошката наука кај нас, па и пошироко.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на Комисијата за избор на наставник во насловно звање насловен доцент во наставно-научната област традиционални ора на Музичка академија при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Од целокупната наведена активност на кандидатката м-р Љупка Стефановска, детално е претставено дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање насловен доцент во наставно-научната област традиционални ора на Музичката академија, а воедно ги има остварено потребните поени кои се однесуваат на наставно-образовната дејност, научноистражувачката дејност и стручно-уметничките активности, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност или вкупно 274 поени (НО+НИ+САОР = 244 + 30 = 274) од неопходниот минимум од 100 поени.

Кандидатката, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност; за научноистражувачка и стручно-уметничките активности преку: активно концертирање, активно учествување на конференции, национални, регионални и меѓународни семинари и состаноци од областа на етнокореологијата, реализирање на самостојни проекти, како и учесник во креирање, раководење и реализација на проекти, учествување во селективни комисии, одбори и совети на фестивали; како и способност за организациско-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев".

**Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да ја избере кандидатката м-р Љупка Стефановска во наставно-научното звање насловен доцент во наставно-научната област традиционални ора на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Владимир Јаневски, редовен професор, наставно-научна област методика на настава по народни ора, Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, претседател, с.р.

Д-р Родна Величковска, редовен професор - научен соработник, наставно-научна област етномузикологија, член, с.р.

М-р Христијан Николовски, насловен доцент, наставно-научна област кинетографија, Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | Поени | Број | поени | Вкупно |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **Број** | **Поени** | **Број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **5.** | Труд објавен во зборник од трудови на научен собир | 10 | 2 | | | 20 |
| **6.** | Музички настап на официјален концерт | 35 | 3 | 9 | 6 | 159 |
| **14.** | Учесник во проект | 23 | 2 | | | 46 |
| **10.** | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| **22.** | Награди и признанија | 3 | 5 | | | 15 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **244** |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **Поени** | **Број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Книга – *65 години КУД Илинден – Битола (1955 – 2020),* Битола 2020, издавач – Здружение за фолклор, песни, игри и обичаи Културно-уметничко друштво „Илинден“ - Битола, стр. 16 – 37, со делот *Почетоците (1954 – 1980)*<br><br>-**2021** - сценска адаптација - *Ај раскажвај ми бабо* – традиционални ора, ороводни песни и песни од етничкиот предел Битолско Поле<br><br>- **2022** - сценска адаптација -*Поведи коло танчаријо* – традиционални ора, ороводни песни и песни од етничкиот предел Источен дел на Славиште | 3 | 10 | | | **30** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **274** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕАТРОЛОГИЈА (СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА И ТАНЦИ) - БАЛЕТСКА ПЕДАГОГИЈА, ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2502-59/6 од 16.11.2023 година донесена на 83. седницата на Наставно-научниот и уметнички совет на Филмската академија, одржана на 7.11.202 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловено звање насловен доцент за наставно-научната област театрологија (сценски движења и танци) - балетска педагогија на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- д-р Рисима Матевска-Мијановиќ (Рисимкин), редовен професор, наставно-научна област театрологија“ (60801), вработена на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
- м-р Адријана Данчевска, доцент, наставно-научна област театрологија (60801), вработена на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
- м-р Благој Мицевски, наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област театрологија (60801), вработен во Народен театар - Битола - член

Врз основа на Одлуката за распишување на Конкурс за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент со бр.2502-56/3 од 19.9.2023 година и Конкурсот од 17.10.2023 година за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 17.10.2023 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Олга Панго, кореограф и балетски педагог, вработена во Националната опера и балет во Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, Рецензентската комисија констатираше дека се доставени сите потребни документи, согласно со објавениот Конкурс и му го поднесува на Наставно-научниот и уметнички совет на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

М-р Олга Панго е родена на 17 ноември 1971 година во Скопје. М-р Панго е македонска балерина, кореограф и балетски педагог, член на ЦИД – УНЕСКО – Интернационален совет за танц, под покровителство на УНЕСКО.

Балетската едукација ја започнува во 1980 година во МБУЦ „Илија Николовски-Луј“, каде што завршува основно и средно балетско образование. Во 2004 година дипломира на „Академијата за музичко и танцово искуство“ (АМТИИ) во Пловдив, Бугарија, а во 2006 година магистрира на истата академија со класификација балет-мајстор, балетски педагог, кореограф. М-р Панго од 1990 година работи како балерина во Националната опера и балет. Со Балетот на НОБ остварува бројни улоги и се истакнува како солист во целиот класичен и современ репертоар во периодот од вработувањето до денес. Од 2016 година м-р Панго е уметнички раководител на балетот при Македонската опера и балет, при што дава

значаен придонес во развојот компанијата и афирмирањето на балетската уметност на едно повисоко ниво. М-р Панго гради ансамбл на млади и просперитетни уметници, ја прави компанијата препознатлива во целиот регион и пошироко. М-р Панго паралелно работи како балетски уметник, кореограф и балетски педагог, при што создава идни генерации успешни балетски уметници, со кои ги споделува своето знаење и искуство и го води македонскиот балетски ансамбл со прецизна визија за развој и пласман на регионалната сцена. Во 2017 година м-р Панго ја води Националната опера и балет, како генерален директор. Таа учествува на значајни форуми и конференции за танц, како Конференција и Гала-концерт во Венџој, Кина, по повод 70 години од создавањето на Република Кина; во 2004 година е учесник во „НВЕ (NWE) програмата за развивање сценски уметности" во Скандинавија; во периодот од 1996 до 2004 година, м-р Панго е асистент на едукативната програма на „Неделата на модерен балет", во организација на Интерарт културен центар - Скопје, дел од програмата на фестивалот „Охридско лето". М-р Панго е претседател и член на жири на повеќе танцови натпревари: во 2019 година, таа е член на жири на „ГИДС" во Венџој, Кина; во 2017 и 2018 година м-р Панго е претседател на жирито на Балетскиот натпревар во Келн, Германија; во 2017 година, член е на жири на Балетскиот натпревар на Фестивал за танц во Реџо Калабрија, Италија; во 2017 година е член на жирито на „Пловдив опен", балетски натпревар во Пловдив, Бугарија; во 2015 и 2019 година претседател е на жирито на „Скопје опен", балетски натпревар во Скопје, РС Македонија. Во 2002 година, м-р Панго е коосновач и заменик-претседател на Македонскиот центар за танц, а во 2001 година, основач е на „Денс инфинити", Здружение за развивање на балетската уметност; здруженија преку кои дејствува на независната танцова сцена во земјава. М-р Панго работи како балетски педагог во Државниот балетско музички центар „Илија Николовски – Луј" во периодот од 2007 година до денес, каде што го предава предметот *Карактерни игри*, на ученици во средното балетско училиште, кое е дел од центарот. Својата педагошка работа ја практикува и со Националниот балет, каде што периодично, од 2010 година наваму, работи и како репетитор и педагог.

М-р Панго се остварува и како кореограф, ги создава претставите „Јас Исидора" во 2005 година, со Балетот на НУ НОБ; „Врати" во 2010 година, со Балетот на НУ НОБ; „Трите прасиња и волкот" – детска балетска претстава во 2014 година, независна продукција; „Рајмонда" во 2021 година, со Националниот балет од Варна, Бугарија; „Госпоѓиците од Авињон" во 2022 година со Балетот на НУ Национална опера и балет. М-р Панго работи интензивно како кореограф во драмски претстави, во земјава и во странство; во повеќе мјузикли, опери и оперети, при што со своите креации остава посебен, препознатлив печат и преку своето творештво го унапредува современиот кореографски израз. Нејзините балетски кореографии се дел од репертоарот на Националната опера и балет, се изведуваат на многубројни гостувања надвор од земјава и ја афирмираат македонската балетска сцена во регионот.

М-р Панго за својата кореографска, педагошка и менаџерска работа добива голем број на признанија. Како балерина, во 1989 година е добитник на *Сребрена плакета* на „Сојузен балетски натпревар" во Нови Сад, Србија; во 1988 и во 1990 година е добитник на *Бронзена плакета* на „Сојузен балетски натпревар" во Белград, Србија; во 1990 година, добива *Прва награда* на „Републички балетски натпревар" во Скопје, Македонија. Во 2006 година, м-р Панго добива *Прва награда*

*за кореографско остварување,* за претставата „Јас Исидора", на театарскиот фестивал во Трабзон, Турција; во 2008 година, таа е добитник на *Награда за кореографија и сценски движења* во претставата „Женички", во продукција на Турски театар, од Скопје, на 43. Театарски фестивал „Војдан Чернодрински" во Прилеп, РС Македонија. Оваа награда м-р Панго ја добива во повеќе наврати: во 2011 година за претставата „Кабаре Оркестра" во продукција на Албански театар од Скопје и  во 2017 година за претставата „Отело", во продукција на Турски театар од Скопје.

Како балетски уметник, кореограф и раководител на Балетот при НОБ, м-р Панго има освоено повеќе награди, како потврда за нејзиниот уметнички ангажман и раководител. Во 2017 година, м-р Панго, за достигнувања на балетскиот ансамбл со кој раководи, ја добива интернационалната награда „Златна оревокршачка" од „Festival Internazionale della Danza" во Рим, Италија. Во 2018 година, Балетот при НОБ, со кој раководи м-р Панго ја добива нтернационалната награда за *Најдобра компанија* од фестивалот „Grugliasco in Danza" во Торино, Италија.

**Општи услови за избор**

Кандидатката м-р Олга Панго има завршено соодветно високо образование од втор степен, односно магистерски студии од соодветната научна област на „Академијата за музичко и танцово искуство" (АМТИИ) во Пловдив, Р. Бугарија, со стручен назив *магистер по балетска педагогија и балетска режија,* со просечна оценка 9,88.

Првиот циклус студии го завршува на „Академијата за музичко и танцово искуство" (АМТИИ) во Пловдив, Р. Бугарија, и се стекнува со назив *дипломиран балет мајстор*, со просечна оценка 10.

М-р Панго, како уметник, делува во полето на изведувачки уметности и создава кореографии за балети, опери, драмски и современи танцови претстави, во земјава и во странство.

Добитник е на три награди за „*Најдобра кореографија и сценски движења*" на Националниот театарски фестивал „Војдан Чернодрински» во Прилеп; Награда „Afife" за најдобра претстава во Турција, за драмската претставата „Ромео и Јулија" на режисерот Дејан Пројковски, каде што м-р Панго е кореограф; Интернационална награда „Златна оревокршачка" за достигнувања во Балетот при НУ НОБ, од „Festival Internazionale della Danza" во Рим, Италија; Интернационална награда за *Најдобра компанија* за Балетот при НУ НОБ, од Фестивалот „Grugliasco in Danza" од Торина, Италија и *Специјална награда за кореографија* за претставата „Ана Каренина", во режија на Дејан Пројковски, продукција на „Новосадско позориште", на „Фестивалот на професионални театри на Војводина" во Нови Сад, Р. Србија.

Објавува научноистражувачки магистерски труд „*Јас, Исидора*", балетска претстава во 2005 година во продукција на НУ Национална опера и балет.

Кандидатката има одлично познавање од англискиот јазик, кој течно го говори и пишува и може да држи настава на англиски јазик.

Кандидатката има препораки од двајца професори од наставно-научната и уметничка област:

- препорака од редовен професор на УКИМ, Факултет за музичка уметност, професор м-р Александра Мијалкова и
- препорака од доцент д-р Сашо Димоски, професор на „Еуропа Прима", Факултет за драмска уметност.

**Посебни услови**

М-р Панго делува во полето на изведувачки уметности и создава кореографии  за балети, опери, драмски и современи танцови претстави, во земјава и во странство.

Од наставната сезона 2007/2008 година, работи како професор по *Карактерни игри* и *Класичен балет* на Балетскиот оддел при ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ - Скопје.

Од сезоната 2011/2012 г. работи како педагог во Балетот  при НУ НОБ и како репетитор на пробите на претставите од тековниот репертоар на Балетот при НУ НОБ.

Од наставната сезона 2018/2019 година работи како доцент, професор по предметот *Сценски движења*, во наставната програма од прв циклус студии на Факултетот за драмски уметности при Универзитетот „Европа Прима“ во Скопје.

Има повеќе записи од уметнички претстави, во кои е потписник на кореграфијата.

Во прилог линкови од видеозаписи:

**„Јас, Исидора“** – во НУ Национална опера и балет, Скопје (https://youtu.be/X-7hEVwYXQk);

**„Врати“** – НУ Национална опера и балет, Скопје (https://youtu.be/wqTtIBX7K4U);

**„Петтото годишно време“** – Народен театар - Велес (https://youtube.com/shorts/5ZkrFzogMe4?feature=share);

**„Госпоѓиците од Авињон“** – НУ Национална опера и балет, Скопје (https://youtu.be/RWG0FsU0T1Q);

**„Бура“** – ЦНП Подгорица, Р. Црна Гора (https://www.youtube.com/watch?v=RljK0WNFhck);

**„Дон Жуан“** – ХНК Загреб, Р. Хрватска (https://youtu.be/_OXbGxFbes0).

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Во 2005 година кандидатката м-р Панго магистрира со трудот *„Јас, Исидора“*, базиран на практичната работа при создавање на претставата „Јас, Исидора“ во продукција на НУ Национална опера и балет.

**Евалуација на магистерскиот труд**

Магистерскиот труд под назив *„Јас Исидора“* е базиран на практичниот процес на создавање на балетската претстава.  Претставата „Јас, Исидора“, за која драматургијата ја прави драматургот Искра Паскалова, е работена според автобиографската книга на големата танчарка Исидора Данкан, насловена „Мојот живот“. М-р Панго, како кореграф, обработува сегмент од нејзиниот живот: љубовта и бракот со поетот Сергеј Јесенин. Музиката за претставата е на Калиопи Букле, костимите и дизајнот на сцената се на Благој Мицевски. Претставата поседува современ кореографски пристап, опфаќа кореографската структура, составена од соло партии, дуети, трија, квартети и ансамблови игри. Кореографијата има автохтон израз, кој произлегува од истражувачкиот процес и кој ја најавува стилската определба и поетиката на авторката. Претставата доживува околу 30 изведби: на сцената на НУ „Национална опера и балет“; Фестивалот „Охридско лето“; Струшко лето; Хераклеа - Битола; Трабзон, Турција; Фестивалот за модерен и современ танц во Драч, Албанија. Претставата добива *Награда е за најдобра танцова претстава* на театарскиот фестивал во Трабзон, Турција.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Последните десет години од активната работа на кандидатката м-р Олга Панго во областа на театарот, операта и танцот, покрај постојаниот ангажман во НУ Национална опера и балет ја одбележуваат континуираните тимски соработки со режисерот Дејан Пројковски, со кој работи во повеќе различни театарски ансамбли од регионов.

Со режисерот Дејан Пројковски, кандидатката м-р Панго реализира кореографија за операта:

1. **„Евгениј Онегин» од Чајковски** во НУ Националната опера и балет во Скопје, премиерно изведена на 9.5.2016 година во склоп на МОВ

и театарските претстави:

1. **„Прометеј“** (2015) од Есхил, во продукција на Турски театар, Скопје;
2. **„Бура“** (2016) од Вилијам Шекспир, во продукција на ЦНП Подгорица, Црна Гора;
3. **„Ромео и Јулија“** (2017) од Вилијам Шекспир, во продукција на Национален театар Истанбул, Турција;
4. **„Коцкар“** (2018) од Фјодор Михајлович Достоевски, во продукција на Народен театар – Битола;
5. **„Ана Каренина“** (2019, од Лав Николаевич Толстој, во продукција на Новосадско позориште, Нови Сад, Србија;
6. **„Дервишот и смртта“** (2020, од Меша Селимовиќ, во продукција на Народен театар на Република Српска, Бања Лука, Босна и Херцеговина;
7. **„Ричард трети“** (2022) од Вилијам Шекспир, во продукција на Новосадско позориште, Нови Сад, Србија;
8. **„Инферно“** (2022) од Данте Алигиери, во продукција на Народен театар Велес.

М-р Панго, во долгогодишната соработка со режисерот Пројковски, како кореограф развива своја препознатлива танцова лексика која преку минимализам во сценската изразност, придонесува за визуелната реализација, прецизност и ефективност на делата. Токму поради спецификата во нејзината лексика, овој авторски тим е чест гостин на многу театарски сцени во регионов.

Во областа на танцот, пак, значајна е соработка на м-р Панго со режисерката Наташа Поплавска, со која соработува на повеќе мјузикли, драми, музички драми, детски претстави, од кои ги издвојуваме:

1. **„Животот е кабаре“** – мјузикл, продукција на Арт медија и НУ НОБ;
2. **„Женички“** – музичка драма, продукција на Турски театар Скопје;
3. **„Кабаре оркестра“** – музичка драма, продукција на Албански театар Скопје;
4. **„Чикаго“** – мјузикл, продукција на МНТ/НУ НОБ;
5. **„Мама миа“** – мјузикл, продукција на МНТ;
6. **„Животот е...“** – мјузикл, продукција на Арт медија Скопје;
7. „**Госпоѓа министерка**“ – драма, продукција на МНТ Скопје;
8. **„Баханалии“** – драма, продукција на Народен театар Велес;
9. **„Невидливиот град“** – театарска претстава, продукција на Европска унија/ Арт медија;
10. **„Цветната улица“** – детска театарска претстава, продукција на Театар за деца и младинци Скопје.

Во долгогодишната соработка со режисерката Наташа Поплавска, кандидатката м-р Олга Панго покажува талент за развој на кореографска лексика во други дискурси на сценското движење.

Кандидатката м-р Олга Панго соработува со голем број режисери од регионот и странство, но тука ги издвоивме соработките кои го профилираат нејзиниот авторски уметнички израз.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

М-р Олга Панго е кореограф, балетски педагог и уметнички раководител на балетот во НУ Национална опера и балет, во кој работи и како педагог и репетитор. Во досегашното плодно триесетгодишно искуство, м-р Панго се профилира како уметник кој остава голем печат и чии успеси и признанија ја поставуваат во рангот на значајни уметници во полето на кореографско делување, како во танцови така и во драмски претстави. М-р Панго, преку уметничките креации, ги надминува рамките на регионално дејствување, а нејзините кореографии достигнуваат ниво на впечатлив и уникатен уметнички израз за што добива бројни награди и признанија. Нејзината обемна работа опфаќа повеќе сфери на изведувачката уметност, како театарот, операта и танцот, а воедно таа се истакнува и во педагошката работа. Својата научно-наставна дејност, кандидатот м-р Панго ја остварува преку учество на семинари, симпозиуми и работилници во земјава и во странство; кандидатката работи како професор по предметите *Карактерни игри* и *Класичен балет* на Балетскиот оддел при ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј". М-р Панго работи како доцент, професор по предметот *Сценски движења* на Факултетот за драмска уметност при Универзитетот „Еуропа Прима"; педагог и репетитор на тековниот репертоар на балетот при НУ Национална опера и балет.

Кандидатката го реализирала магистерскиот труд *„Јас, Исидора"*, со теоретски и практичен дел, со што се стекнува со звањето *балет-мајстор*, *балетски педагог*, *кореограф* и остварува значајни проекти во таа област.

Во предавањата м-р Панго остварува непосреден однос со учениците, при што се издвојува спецификата на нејзините методолошки предавања. М-р Панго е посветен педагог и во секојдневната комуникација со студентите успева да го пренесе своето богато знаење и педагошко искуство. Во уметнички креации како кореограф м-р Панго покажува исклучителен уметнички потенцијал и талент за што добива голем број признанија на домашната и светската сцена на изведувачки уметности.

Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Олга Панго ги има остварено потребните поени во својата долгогодишна работа, односно вкупно поени од НИ - СУ + СА - ОР = 221 поени.

Врз основа на изнесените факти и податоци, му предлагаме на Наставно-научниот и уметнички совет на Филмската академија при УГД - Штип да ја избере кандидатката м-р Олга Панго во наставно-научно звање *насловен доцент* за наставно-научната област театрологија (сценски движења и танци) - *Балетска педагогија* на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев» во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Рисима Матевска-Мијановиќ (Рисимкин), редовен професор, наставно-научна област театрологија (60801), Филмска академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип – претседател, с.р.

М-р Адријана Данчевска, доцент, наставно-научна област театрологија (60801), Филмска академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член, с.р.

М-р Благој Мицевски, наставник во насловно звање - насловен доцент, наставно-научна област театрологија (60801), Народен театар - Битола – член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **1.** | Доцент професор по предметот Сценски движења на Универзитетот „Еуропа Прима“ | | | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **1.** | Настапи на официјални концерти/претстави | | | | | |
| **2.** | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| **3.** | Член на научен одбор/фестивал | 1x1 | 1 | 4 | 8 | 9 |
| **4.** | Самостојни настапи со авторски дела | 12x6 | 72 | 9x6 | 54 | 126 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **139** |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Стручни награди и признанија | 3x4 | 12 | 5 | 40 | **52** |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **221** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТРАДИЦИОНАЛНИ ОРА НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Со Одлука бр. 1402-100/6 од 1.11.2023 година донесена на 115. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија, одржана на 1.11.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во насловно звање насловен доцент во наставно-научната област *традиционални ора (60916)* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- **д-р Владимир Јаневски**, редовен професор, наставно-научна област методика на настава по народни ора (60916), Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, претседател;
- **д-р Родна Величковска**, редовен професор - научен соработник, наставно-научна област етномузикологија (60902), член;
- **м-р Христијан Николовски**, насловен доцент, наставно-научна област кинетографија (60916) на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Слободен печат” и „Коха“, на 17.10.2023 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот: м-р Силвестер Проле, стручен соработник на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Музичка академија, Оддел за етнокореологија. Вработен во ЈОУ Дом на култура „Македонија“ – Гевгелија, како кореограф/етнокореолог.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, Рецензентската комисија констатираше дека се доставени сите потребни документи, согласно со објавениот Конкурс, и чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип што го поднесува следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

М-р Силвестер Проле е роден во 1990 година во Гевгелија. Основно и средно образование завршува во Гевгелија. Дипломската работа ја одбранува во 2015 година на тема „*Машките обредни поворки русалии – современи аспекти*“. Степенот на магистер го стекнува во 2022 година на тема „*Компаративни аспекти на русалиските поворки*“.

Кандидатот м-р Силвестер Проле своето професионално искуство го оформува во 2008 година со запишувањето на Катедрата за етнокореологија, на Музичката академија при УГД - Штип. Од 2011 година, кандидатот заминува во Скопје на едукативна настава во НУ Ансамбл за народни игри и песни „Танец“, каде што подоцна во 2013 година е редовно вработен во истата институција. Подоцна во 2014 година се вработува во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“, Скопје, во насоката Традиционална музика и игра. Од 2017 година кандидатот е ангажиран како стручен соработник на Универзитетот „Гоце Делчев“, на Музичката академија во Штип, на Одделот за етнокореологија. Од 2019 година па се до денес е редовно вработен во ЈОУ Дом на култура „Македонија“ – Гевгелија. Од 2012 година се до ден денес е уметник на Ансамблот „Македонија“.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент од областа на музичката уметност за стручно-уметничките предмети***

**Општи услови за избор**

1. Диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен.

- Стекнат степен **магистер по етнокореологија** на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Македонија, со просек 9.57.

- Стекнат степен **дипломиран етнокореолог** на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Македонија, со просек 8.23.

2. Изведба на 35 целовечерни концерти во земјава и 12 целовечерни концерти во странство

**Концертни активности во земјата**

| *Р. б.* | *Место* | *Датум* | *Повод* | *Наслов* | *Настап/ целовечерен концерт* |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Драмски театар, Скопје | 27.1.2013 г. | Концертна турнеја во Јапонија | / | Целовечерен концерт |
| 2 | Мултимедијален центар, Штип | 28.1.2013 г. | Концертна турнеја во Јапонија | / | Целовечерен концерт |
| 3 | Дом на култура Струмица | 5.4.2013 г. | Концертна турнеја во Јапонија | / | Целовечерен концерт |
| 4 | Отворена сцена, Делчево | 26.8.2013 г. | / | / | Целовечерен концерт |
| 5 | Македонска опера и балет, Скопје | 22.11.2013 г. | Прв годишен концерт на Ансамблот | Коде се Мијаците | Целовечерен концерт |
| 6 | Дом на култура „Ѓорче Петров“, Скопје | 26.12.2013 г. | / | / | Целовечерен концерт |
| 7 | Отворена сцена, Демир Капија | 22.8.2014 г. | / | / | Целовечерен концерт |
| 8 | Дом на култура, Куманово | 24.9.2014 г. | Концертна турнеја на Ансамблот низ Македонија | / | Целовечерен концерт |
| 9 | Дом на култура, Битола | 25.9.2014 г. | Концертна турнеја на Ансамблот низ Македонија | / | Целовечерен концерт |
| 10 | Дом на култура, Струмица | 26.9.2014 г. | Концертна турнеја на Ансамблот низ Македонија | / | Целовечерен концерт |
| 11 | Македонски народен театар – Скопје | 29.4.2015 г. | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт |
| 12 | Македонски народен театар – Скопје | 29.4.2015 г. (втора претстава) | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт |
| 13 | Македонски народен театар – Скопје | 30.4.2015 г. | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 14 | Македонски народен театар – Скопје | 30.4.2015 г. (втора претстава) | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт |
| 15 | Македонски народен театар – Скопје | 4.5.2015 г. | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт |
| 16 | Македонски народен театар – Скопје | 4.5.2015 г. (втора претстава) | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт |
| 17 | Дом на култура, Кавадарци | 16.10.2015 г. | Есенски културни денови | / | Целовечерен концерт |
| 18 | Дом на култура, Демир Капија | 18.10.2015 г. | / | / | Целовечерен концерт |
| 19 | Македонски народен театар, Скопје | 11.12.2015 г. | Годишен концерт на Ансамблот | На аскер ќе одам | Целовечерен концерт |
| 20 | Салон на МНТ – нов објект | 13.3.2016 г. (втора претстава) | / | На аскер ќе одам | Целовечерен концерт |
| 21 | Отворена сцена, Берово | 26.8.2016 г. | Концертна турнеја на Ансамблот низ Македонија/ Етно плоштад фестивал | / | Целовечерен концерт |
| 22 | Македонски народен театар, Скопје | 29.11.2016 г. | Годишен концерт | Махмуд се готви | Целовечерен концерт |
| 23 | Македонски народен театар, Скопје | 29.11.2016 г. (втора претстава) | Годишен концерт | Махмуд се готви | Целовечерен концерт |
| 24 | Дом на култура „Бели мугри“, Кочани | 1.12.2016 г. | Концертна турнеја низ Македонија | / | Целовечерен концерт |
| 25 | Завод и Музеј - Штип | 23.3.2017 г. | 10 години јубилеј од постоење на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип | / | Целовечерен концерт |
| 26 | Хераклеа, Битола | 1.8.2017 г. | 47. Републички фестивал на народни игри и песни „Илинденски денови 2017“ | / | Целовечерен концерт |
| 27 | Македонски народен театар – Скопје | 2.4.2018 г. | Годишен концерт | / | Целовечерен концерт |
| 28 | Центар за култура – Битола | 9.5.2018 г. | Годишен концерт | / | Целовечерен концерт |
| 29 | НУ Центар за култура „Марко Цепенков“ – Прилеп | 6.11.2018 г. | / | / | Целовечерен концерт |
| 30 | Центар за култура – Битола | 1.6.2019 г. | Меѓународна ревија на народни носии | Меѓународна ревија на народни носии | Ревија и целовечерен концерт |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 31 | Музеј на македонската борба | 2.6.2019 г. | Меѓународна ревија на народни носии | Меѓународна ревија на народни носии | Ревија и целовечерен концерт |
| 32 | Центар за култура, Неготино | 31.10.2019 г. | | | Целовечерен концерт |
| 33 | Дом на култура, Кавадарци | 1.11.2019 г. | | | Целовечерен концерт |
| 34 | Завод и Музеј на град Битола | 28.7.2020 г. | | | Целовечерен концерт |
| 35 | Вевчани | 19.8.2020 г. | | | Целовечерен концерт |

***Концертни активности во странство***

| Р. б. | Место | Датум | Повод | Наслов | Настап/ Целовечерен концерт |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Јапонија | 4.2.-21.3. 2013 г. | Концертната турнеја во Јапонија | / | 30 целовечерни концерти |
| 2 | Лесковац, Качарево, Белград, Панчево, Република Србија | 12.10.-16.10. 2015 г. | Концертна турнеја | / | Четири целовечерни концерти |
| 3 | Корча, Република Албанија, Театар А.З. | 23.10. 2015 г. | 23 Октомври - Ден на македонската револуционерна борба, Фолклорен фестивал „Сонце“ | / | Целовечерен концерт |
| 4 | Отворена сцена Врбени – Екшису – Грција | 17.7. 2016 г. | / | / | Целовечерен концерт |
| 5 | Црна Гора, Србија, Хрватска | 5.5.2017 - 12.5. 2017 г. | Концертна турнеја | / | 5 целовечерни концерти |
| 6 | Загреб, Република Хрватска | 20.7. 2017 - 24.7. 2017 г. | Меѓународна смотра фолклора – Хрватска | / | Ревија на носии/ настапи (5)/ целовечерни концерти (4) |
| 7 | Ковачевац, Србија | 31.6.- 2.7.2018 г. | Балкански сусрети | | Концертна турнеја |
| 8 | Клаипеда, Литванија | 19.7.-29.7. 2018 г. | Фестивал PARBEG LAIVELIS! | | Концертна турнеја 5 |
| 9 | Црна Гора | 10.10.-12.10. 2018 г. | Концертна турнеја | Традиција спаја | Ревија на народни носии, концерт |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Кикинда – Србија, Трњани и Загреб – Хрватска | 16.10.- 22.10. 2018 г. | Концертна турнеја | / | Работилници, семинари, настапи и целовечерни концерти |
| 11 | Софија, Бугарија | 15.9. 2019 г. | Настап | | настап |
| 12 | Нови Пазар, Србија | 26.1.-27.1. 2020 г. | Концертна турнеја | / | Целовечерен концерт |

3. Објавени единаесет научни трудови во референтни научни публикации во претстојните години.

- Проле, Силвестер (2016). Обредни поворки русалии современи сегменти, *Зборник на трудови VIII,* Илинденски денови, Битола, стр. 47 – 51.
- Проле, Силвестер, (2017). Песните како дел од орската традиција, *Зборник на трудови IX,* Илинденски денови, Битола, стр. 62 – 66.
- Проле, Силвестер, (2017). Концертна активност на русалиските друштва од с. Богданци и с. Секирник, *Годишен зборник. Универзитет „Гоце Делчев“* - Штип, Музичка академија, Штип, стр. 265-270.
- Проле, Силвестер, (2018). Сценски приказ на русалиите во ансамблите во Македонија, *Зборник на трудови X,* Илинденски денови, Битола, стр. 44 – 48.
- Проле, Силвестер, (2018). Етнокореолошки карактеристики на ората во радовишкото село Габревци, *Годишен зборник. Универзитет Гоце Делчев* - Штип, Музичка академија, Штип, стр. 121 – 124.
- Проле, Силвестер, (2019). Ѓура Мара – манифестација со обреден карактер, *Зборник на трудови XI,* Илинденски денови, Битола, стр. 44 – 47.
- Проле, Силвестер, (2020). Ристо Шутаров – русалијата од Богданци, *Зборник на трудови XII,* Илинденски денови, Битола, стр. 59 – 63.
- Проле, Силвестер, (2020). Секции за традиционални ора и пеење во центрите и домовите за култура, *Прилози*, *Академски такт за фолклорот и традицијата,* Македонско научно друштво – Битола, Битола, стр.170 – 174.
- Проле, Силвестер, (2021). Русалискиот обред низ призмата на другите ритуални обреди, *Зборник на трудови XIII,* Илинденски денови, Битола, стр. 36 – 43.
- Проле, Силвестер, (2022). Културно-уметничко друштво „Танец“ од Миравци, *Зборник на трудови XIV,* Илинденски денови, Битола.
- Проле, Силвестер, (2023). Стилски карактеристики на ороводецот од Брсјачката етнографска целина, *Зборник на трудови XV,* Илинденски денови, Битола.

**Посебни услови**

1. М-р Силвестер Проле е стручен соработник на Универзитетот „Гоце Делчев“, на Музичката академија во Штип, на Одделот за етнокореологија, активен

учесник на конференции, предавач на национални, регионални и меѓународни семинари и состаноци од областа на етнокореологијата, реализатор на самостојни проекти како и учесник во креирање, раководење и реализација на проекти.

2. Препораки од двајца редовни професори од соодветната научно-уметничка област – кандидатот достави во прилог.

3. Автор на филмска адаптација

- ЛАЗАРЕНКИ – реликвија на етничкиот предел Бојмија, 2023 година.

8. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО и НИ)=223; (САОР)=10 или вкупно 233 поени.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Од 2017 година до денес (2023 год.), м-р Силвестер Проле е ангажиран како стручен соработник на Универзитетот „Гоце Делчев", на Музичката академија во Штип, на Одделот за етнокореологија. Во опсегот на неговите активности во овој период спаѓаат: Традиционални ора 5, 6, 7 и 8, Традиционални игри на Балканот и Семинар на традиционална игра (практични предавања на стручни студии по етнокореологија), каде што тој покажува одлични едукативни и наставни способности кон студентите кои се едуцираат на катедрата.

***Концертни активности во земјава***

| ***Р. б.*** | ***Место*** | ***Датум*** | ***Повод*** | ***Наслов*** | ***Настап/ целовечерен концерт*** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Драмски театар, Скопје | 27.1.2013 г. | Концертната турнеја во Јапонија | / | Целовечерен концерт |
| 2 | Мултимедијален центар, Штип | 28.1.2013 г. | Концертна турнеја во Јапонија | / | Целовечерен концерт |
| 3 | Дом на култура Струмица | 5.4.2013 г. | Концертната турнеја во Јапонија | / | Целовечерен концерт |
| 4 | Отворена сцена, Делчево | 26.8.2013 г. | / | / | Целовечерен концерт |
| 5 | Македонска опера и балет, Скопје | 22.11.2013 г. | Прв годишен концерт на Ансамблот | Коде се Мијаците | Целовечерен концерт |
| 6 | Дом на култура „Ѓорче Петров", Скопје | 26.12.2013 г. | / | / | Целовечерен концерт |
| 7 | Отворена сцена, Демир Капија | 22.8.2014 г. | / | / | Целовечерен концерт |
| 8 | Дом на култура, Куманово | 24.9.2014 г. | Концертна турнеја на Ансамблот низ Македонија | / | Целовечерен концерт |
| 9 | Дом на култура, Битола | 25.9.2014 г. | Концертна турнеја на Ансамблот низ Македонија | / | Целовечерен концерт |
| 10 | Дом на култура, Струмица | 26.9.2014 г. | Концертна турнеа на Ансамблот низ Македонија | / | Целовечерен концерт |
| 11 | Македонски народен театар – Скопје | 29.4.2015 г. | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 12 | Македонски народен театар – Скопје | 29.4.2015 г. (втора претстава) | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт |
| 13 | Македонски народен театар – Скопје | 30.4.2015 г. | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт |
| 14 | Македонски народен театар – Скопје | 30.4.2015 г. (втора претстава) | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт |
| 15 | Македонски народен театар – Скопје | 4.5.2015 г. | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт |
| 16 | Македонски народен театар – Скопје | 4.5.2015 г. (втора претстава) | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | Целовечерен концерт |
| 17 | Дом на култура, Кавадарци | 16.10.2015 г. | Есенски културни денови | / | Целовечерен концерт |
| 18 | Дом на култура, Демир Капија | 18.10.2015 г. | / | / | Целовечерен концерт |
| 19 | Македонски народен театар, Скопје | 11.12.2015 г. | Годишен концерт на Ансамблот | На аскер ќе одам | Целовечерен концерт |
| 20 | Салон на МНТ – нов објект | 13.3.2016 г. (втора претстава) | / | На аскер ќе одам | Целовечерен концерт |
| 21 | Отворена сцена, Берово | 26.8.2016 г. | Концертна турнеја на Ансамблот низ Македонија/ Етно плоштад фестивал | / | Целовечерен концерт |
| 22 | Македонски народен театар, Скопје | 29.11.2016 г. | Годишен концерт | Махмуд се готви | Целовечерен концерт |
| 23 | Македонски народен театар, Скопје | 29.11.2016 г. (втора претстава) | Годишен концерт | Махмуд се готви | Целовечерен концерт |
| 24 | Дом на култура „Бели мугри“, Кочани | 01.12.2016 | Концертна турнеја низ Македонија | / | Целовечерен концерт |
| 25 | Завод и Музеј - Штип | 23.3.2017 г. | 10 години јубилеј од постоење на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип | / | Целовечерен концерт |
| 26 | Хераклеа, Битола | 1.8.2017 г. | 47. Републички фестивал на народни игри и песни Илинденски денови 2017 | / | Целовечерен концерт |
| 27 | Македонски народен театар – Скопје | 2.4.2018 г. | Годишен концерт | / | Целовечерен концерт |
| 28 | Центар за култура – Битола | 9.5.2018 г. | Годишен концерт | / | Целовечерен концерт |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 29 | НУ Центар за култура „Марко Цепенков“ – Прилеп | 6.11.2018 г. | / | / | Целовечерен концерт |
| 30 | Центар за култура – Битола | 1.6.2019 г. | Меѓународна ревија на народни носии | Меѓународна ревија на народни носии | Ревија и целовечерен концерт |
| 31 | Музеј на македонската борба | 2.6.2019 г. | Меѓународна ревија на народни носии | Меѓународна ревија на народни носии | Ревија и целовечерен концерт |
| 32 | Центар за култура, Неготино | 31.10.2019 г. | | | Целовечерен концерт |
| 33 | Дом на култура, Кавадарци | 1.11.2019 г. | | | Целовечерен концерт |
| 34 | Завод и Музеј - Битола | 28.7.2020 г. | | | Целовечерен концерт |
| 35 | Вевчани | 19.8.2020 г. | | | Целовечерен концерт |

***Концертни активности во странство***

| Р. б. | Место | Датум | Повод | Наслов | Настап/ целовечерен концерт |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Јапонија | 4.2. -21.3. 2013 г. | Концертна турнеја во Јапонија | / | 30 целовечерни концерти |
| 2 | Лесковац, Качарево, Белград, Панчево, Република Србија | 12.10.-16.10. 2015 г. | Концертна турнеја | / | Четири целовечерни концерти |
| 3 | Корча, Република Албанија, Театар А.З. | 23.10. 2015 г. | 23 Октомври - Ден на македонската революционерна борба, Фолклорен фестивал „Сонце“ | / | Целовечерен концерт |
| 4 | Отворена сцена Врбени – Екшису – Грција | 17.7. 2016 г. | / | / | Целовечерен концерт |
| 5 | Црна Гора, Србија, Хрватска | 5.5.2017 -12.5. 2017 г. | Концертна турнеја | / | 5 целовечерни концерти |
| 6 | Загреб, Република Хрватска | 20.7. 2017 - 24.7. 2017 г. | Меѓународна смотра фолклора – Хрватска | / | Ревија на носии/ настапи (5)/ целовечерни концерти (4) |
| 7 | Ковачевац, Србија | 31.6.-2.7.2018 г. | Балкански сусрети | | Концертна турнеја |
| 8 | Клаипеда, Литванија | 19.07.- 29.07.2018 | Фестивал PARBEG LAIVELIS! | | Концертна турнеја 5 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9 | Црна Гора | 10.10.-<br>12.10.2018 | Концертна турнеја | Традиција спаја | Ревија на народни носии, концерт |
| 10 | Кикинда – Србија, Трњани и Загреб – Хрватска | 16.10. - 22.10. 2018 г. | Концертна турнеја | / | Работилници, семинари, настапи и целовечерни концерти |
| 11 | Софија, Бугарија | 15.9.<br>2019 г. | Настап | | Настап |
| 12 | Нови Пазар, Србија | 26.1.-27.1.<br>2020 г. | Концертна турнеја | / | Целовечерен концерт |

**Активности како предавач**

***<u>Во Македонија</u>***

- **08 / 2016** - *Семинар за традиционална музика и игра,* Илинденски денови, Битола.
- **08 / 2017** - *Семинар за традиционална музика и игра,* Илинденски денови, Битола.
- **08 / 2018** - *Семинар за традиционална музика и игра,* Илинденски денови, Битола.
- **08 / 2019** - *Семинар за традиционална музика и игра,* Илинденски денови, Битола.
- **08 / 2020** - *Семинар за традиционална музика и игра,* Илинденски денови, Битола.
- **08 / 2021** - *Семинар за традиционална музика и игра,* Илинденски денови, Битола.
- **08 / 2023** - *Семинар за традиционална музика и игра,* Илинденски денови, Битола.

***<u>Во странство</u>***

- **5 / 2019 –** *Семинар за традиционална музика и игра* во организација на МКД „Илинден" од Јесеници, Р. Словенија.
- ***<u>Автор на филмска адаптација</u>***
- **2023** ЛАЗАРЕНКИ – Реликвија на етничкиот предел Бојмија, финансиран од Општина Гевгелија, а во продукција на ЈОУ Дом на култура „Македонија" – Гевгелија, соработка со Универзитетскиот Ансамбл „Македонија".

***Учество во креирање, раководење и реализација на проекти***

- Концертна турнеја на Ансамбл „Македонија", проект поддржан од Министерство за култура на РМ, Скопје, 2014 год.
- Телевизиска емисија „*ПЕСНИ ЗА ЈУНАЦИТЕ*", МТВ, Скопје, 2014 год.

- Меѓународен симпозиум - Хотел „Континентал“, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје, 2014 год. Настап со Ансамбл „Македонија“.
- Меѓународен симпозиум - Хотел „Континентал“, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје, 2015 год. Настап со Ансамбл „Македонија“.
- Учество со Ансамбл „Македонија“ во мјузикл „ЕДЕК-МОСТОВИ“, повод: Ден на еврејската култура во Македонија, режија Снежана Коневска Руси, Скопје 2015 год.
- Денови на еврејската култура, МНТ Скопје, режија Снежана Коневска Руси, 2016 год.
- Денови на еврејската култура, МНТ Скопје, режија Снежана Коневска Руси, 2017 год.
- Концертна турнеја во Македонија, Ансамбл „Македонија“, Министерство за култура, 2016 год.
- Концертна турнеја на Ансамбл „Македонија“ на Балканот; Хрватска, Србија, Црна Гора, 2016 год.
- Учество на светската премиера, балетската претстава „Клеопатра“,. Соработка со МОБ, 2016 год.
- Учество на светската премиера, балетската претстава „Клеопатра“. Соработка со МОБ, 2017 год.
- Концерт на традиционална музика и игра: СКОПЈЕ – КУЛТУРНА ТУРИСТИЧКА АТРАКЦИЈА, Ансамбл „Македонија“, Град Скопје, 2017 год.
- Концертна турнеја на Ансамбл „Македонија“, проект поддржан од Министерство за култура на РМ, Скопје, 2017 год.
- Учество на Ансамбл „Македонија“ на Интернационален фестивал во Клаипеда, Литванија, Ансамбл „Македонија“, Министерство за култура, 2018 год.
- Меѓународна ревија на народни носии, Ансамбл „Македонија“, Град Скопје, 2018 год.
- Подготовка на сценска адаптација на Здружението на пензионери Кисела Вода, 2018 год.
- Стручен соработник во организирање на фолклорната манифестација „Фолклорен ѓердан“ во Гевгелија, 2018 год.
- Курт Хејлишер во Македонија, Ансамбл „Македонија“, Град Скопје, 2019 год.
- Подвижна традиционална уметност, Ансамбл „Македонија“, Град Скопје, 2019 год.
- Низ годишните циклуси, Ансамбл „Македонија“, Министерство за култура, 2019 год.
- Меѓународна ревија на народни носии, Ансамбл „Македонија“, Министерство за култура, 2019 год.
- Организирање на етнокореолошка манифестација „Русалиите од Петрово“ во Гевгелија, во соработка со Ансамбл „Македонија“, 2019 год.
- Традиционалната музичка култура во Штип, УГД, Музичка академија – Штип, 2018 - 2019 год.
- Организирање изложба „Уменците и Пресвета Богородица“ при Дом на култура „Македонија“ - Гевгелија, 2021 год.
- Учество на едукативна работилница за традиционални ора и песни во Нови Пазар - Р.Србија во времетраење од три дена, во улога на предавач.

- Организирање изложба „Манастирите и црквите во Гевгелиско (Стара Гевгелија)“ при ЈОУ Дом на култура „Македонија“ - Гевгелија, 2022 год.
- Реализиран проект (перформанс) „Колоритот на традицијата“ при ЈОУ Дом на култура „Македонија“ - Гевгелија 2022 год.
- Реализиран проект (перформанс) „Етнокореолошка инсталација“ при ЈОУ Дом на култура „Македонија“ - Гевгелија, 2022 год.
- Реализација на проект филмска адаптација „Лазаренки“ – реликвија на етничкиот предел Бојмија во продукција на ЈОУ Дом на култура „Македонија“ и соработка со Ансамбл „Македонија“, во улога на режисер, 2023 год.

***Учество на конференции***

- Стручен научен собир „Академски такт за фолклорот и етнологијата“, *Секции за традиционални ора и пеење во центрите и домовите за култура*, Македонско научно друштво и НУ Центар за култура – Битола, 29.7.2020 г.

***Објавени трудови***

- **Проле, Силвестер** (2016). Обредни поворки русалии современи сегменти, *Зборник на трудови VIII,* Илинденски денови, Битола, стр. 47 – 51.

Резиме: Во овој труд авторот се осврнува на современите сегменти на обредните поворки Русалии ќе бидат прикажани во поинакво светло, односно преку формирањето на русалиски групи кои функционираат како културно-уметнички друштва, прикажувајќи ги своите традиционални вредности на сцените на домашните и интернационалните фолклорни фестивали.

- **Проле, Силвестер** (2017). Песните како дел од орската традиција, *Зборник на трудови IX,* Илинденски денови, Битола, стр. 62 – 66.

Резиме: Во трудот под наслов *Песните како дел од орската традиција,* Проле пишува за ороводните песни кои се застапени во сите игроорни подрачја на Македонија, а најчесто се со обредна содржина. Исто авторот појаснува дека ороводните песни иако се среќаваат во сите етнички предели сепак тој се одлучува во оваа статија да даде акцент на ороводните песни од етничкиот предел Радовишко Поле.

- **Проле, Силвестер** (2017). Концертна активност на русалиските друштва од с. Богданци и с. Секирник, *Годишен зборник. Универзитет „Гоце Делчев“* - Штип, Музичка академија, Штип, стр. 265-270.

Резиме: Во овој труд Проле пишува за активностите и учеството на русалиските групи од селата Богданци и Секирник на големите фестивалски сцени, помали настани и манифестации по педесеттите години на минатиот век, откако нивната обредна функционалност на терен се губи полека. Проле, исто така, пишува како дел од репертоарот кој дотогаш се играл на терен почнал полека да се модифицира и да се приспособува за изведба на сцена. Тој од етнокореолошки аспект ги опишува стилските карактеристики на русалиските групи, но и репертоарот кој го изведувале што е доста важен момент за етнокореолозите.

- **Проле, Силвестер** (2018). Сценски приказ на русалиите во ансамблите во Македонија, *Зборник на трудови X,* Илинденски денови, Битола, стр. 44 – 48.

Резиме: Силвестер Проле во овој труд зборува за фактот дека традиционалните ора, како дел од духовното културно наследство, се изложени на голема опасност од видоизменување и исчезнување, па поради тоа е нужно иницирање и реализација на научноистражувачки процес којшто низ соодветни

парцијални проекти, би се опфатиле сите етнорегиони на етничка Македонија со цел да се акумулираат, анализираат, систематизираат и презентираат податоци во врска со традиционалните ора. Проле во оваа статија се задржува на сценскиот приказ на репертоарот традиционални ора кои го негуваат обредните поворки русалии.

- **Проле, Силвестер** (2018). Етнокореолошки карактеристики на ората во радовишкото село Габревци, *Годишен зборник. Универзитет „Гоце Делчев“* - Штип, Музичка академија, Штип, стр. 121 – 124.

Резиме: Во овој труд станува збор за репертоарот на ората од етничкиот предел Радовишко Поле, конкретно за селото Габревци, нивната континуираност, местото и просторот за нивно изведување, како и инструменталната придружба на истите. Силвестер исто така нагласува и за стилските карактеристики на машките и женските ора од селото Габревци, споменувајќи ги и селските слави и празници на кои се играле истите тие ора.

- **Проле, Силвестер** (2019). Ѓура Мара – манифестација со обреден карактер, *Зборник на трудови XI,* Илинденски денови, Битола, стр. 44 – 47.

Резиме: Во својот труд авторот зборува за манифестацијата „Ѓура Мара“, која традиционално години наназад се одржува во селото Миравци на третиот ден од Велигден. Манифестацијата во поново време претставува туристичка атракција, според кажувањата на соговорниците кои авторот ги истражувал, настанот што се случил во минатото бил вистински.

- **Проле, Силвестер** (2020). Ристо Шутаров – русалијата од Богданци, *Зборник на трудови XII,* Илинденски денови, Битола, стр. 59 – 63.

Резиме: Оваа статија од авторот Силвестер Проле содржи дел од биографските податоци на еден од најстарите русалии во околината на Гевгелиско, поточно од селото Богданци (денес Општина Богданци) Ристо Шутаров. Исто така, во статијата, Проле пишува и за дејствувањето на дедо Ристо како ороводец и еден од основоположниците на најстарото КУД во Богданци „Вардарски“.

- **Проле, Силвестер,** (2020). Секции за традиционални ора и пеење во центрите и домовите за култура, *Прилози*, *Академски такт за фолклорот и традицијата,* Македонско научно друштво – Битола, Битола, стр.170 – 174.

Резиме: Во овој труд авторот Проле пишува како традиционалната култура на Македонија во последните години се повеќе и повеќе е застапена во образовните институции како факултети, средни и основни училишта. Проле истакнува дека се соочуваме со фактот, како дел од аматерските групи, КУД и фолклорни ансамбли се уште имаат потреба од стручни кадри (дипломирани етнокореолози) за подобрување на доследно пренесување и презентирање на традиционалните вредности (ора, пеење, носија, инструменти). Во овој труд авторот ја разгледува можноста за отворање на секција во центрите и домовите на култура ширум државата, каде што со нив ќе раководат етнокореолози. Секциите, вели тој, да бидат наменети за предучилишна возраст на деца, а истата да се реализира според точно утврден план и програма. За таа цел, домовите и центрите преку овие секции, да бидат на располагање на сите КУД и ансамбли за пополнување на дел од нивната програма на јавните настапи и концерти.

- **Проле, Силвестер** (2021). Русалискиот обред низ призмата на другите ритуални обреди, *Зборник на трудови XIII,* Илинденски денови, Битола, стр. 36 – 43.

Резиме: Во овој труд, авторот ја прикажува поврзаноста на обредните акти на

русалиските поворки со дел од сличните обредности кои се одвивале на просторите на Балканот. Проучувајќи ги архаичните институции во примитивните општества (општествата кои имаат понизок степен на технолошко-културен развој), вели Проле дека одредени науки ја согледуваат нивната врска и поврзаност во одредени обичаи и обреди кои се практикуваат во секојдневните општества.

- **Проле, Силвестер** (2022). Културно-уметничко друштво „Танец" од Миравци, *Зборник на трудови XIV*, Илинденски денови, Битола.

Резиме: Во статијата посветена за едно од најстарите КУД „Танец" од село Миравци, авторот Проле пишува за почетоците на друштвото, за неговото дејствување во околината на село Миравци, концертните активности во земјата и во странство. Исто така, авторот пишува за репертоарот на КУД, каде што тој го дели на традиционален и стилизиран.

- **Проле, Силвестер** (2023). Стилски карактеристики на ороводецот од Брсјачката етнографска целина, *Зборник на трудови XV*, Илинденски денови, Битола.

Резиме: Во овој труд, авторот Проле пишува за ороводецот, танчарот, танчаријата, орајлијата, натанецот или со еден збор првиот на орото, за неговото големо значење во орската традиција, пред сѐ како организатор на орото, но и како чувар и заштитник на лозата на добри игроорци. Во оваа статија од страна на авторот се сублимирани повеќе информации од досега објавени трудови на повеќе значајни автори од областа на фолклорот и етнокореологијата, кои го опишуваат стилот на игра, функцијата на ороводецот, мажот и жената како ороводец во брсјачката етнографска целина.

***Награди***

- X DANCE НАТПРЕВАР – *ОСВОЕНА ГРАНД ПРИ НАГРАДА, Македонски народен театар, 19.6.2017 г.*

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во периодот од 2015 до 2023 година м-р Силвестер Проле е доста активен во област на етнокореологијата, како од уметнички така и од стручен и научен аспект:

- Во 2019 година реализира проект од аудиовизуелна дејност, финансиран од Општина Гевгелија насловен како *Уменците и пресвета Богородица* – изложба на фотографии од архитектура и иконографија од селото Ума – Гевгелиско, промовирана во Црквата „Свети Кирил и Методиј" во Гевгелија, а изложена во Богданци, Струга, Неготино.
- Во 2020 година реализира проект од аудиовизуелна дејност, финансиран од Општина Гевгелија насловен како манастирите и црквите во Гевгелиско (Стара Гевгелија) – изложба на фотографии и видеоматеријал од облековна култура и стара архитектура од градот Гевгелија, промовирана во Гевгелија, а изложена во Богданци, Струга, Неготино, Битола.

Во 2023 година реализира проект од аудиовизуелна дејност, филмска адаптација ЛАЗАРЕНКИ – реликвија на етничкиот предел Бојмија, финансиран од Општина Гевгелија, а во продукција на ЈОУ Дом на култура „Македонија" – Гевгелија, промовиран во Гевгелија, а презентиран во Битола, Богданци, Струга, Р. Србија

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на Комисијата за избор на наставник во насловно звање насловен доцент во наставно научната област *традиционални ора* на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Од целокупната наведена активност на кандидатот м-р Силвестер Проле, детално е претставено дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање насловен доцент во наставно-научната област традиционални ора на Музичката академија, а воедно ги има остварено потребните поени кои се однесуваат на наставно-образовната дејност, научноистражувачката дејност и стручно-уметничките активности, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност или вкупно 233 поени (НО+НИ+САОР = 223+10 = 233) од неопходниот минимум од 100 поени.

Кандидатот, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметничките активности преку активно концертирање и за организациско-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев“.

**Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да го избере кандидатот м-р Силвестер Проле во наставно-научното звање насловен доцент во наставно-научната област традиционални ора на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Владимир Јаневски**, редовен професор, наставно-научна област методика на настава по народни ора (60916), Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, претседател, с.р.

**Д-р Родна Величковска**, редовен професор - научен соработник, наставно-научна област етномузикологија (60902), член, с.р.

**М-р Христијан Николовски**, насловен доцент, наставно-научна област кинетографија (60916), Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **Поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **Поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **5.** | Труд објавен во зборник од трудови на научен собир | 11 | 2 | | | 22 |
| **6.** | Музички настап на официјален концерт | 35 | 3 | 12 | 6 | 177 |
| **10.** | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| **14.** | Учесник во проект | 10 | 2 | | | 20 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **223** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **Поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | 2023 година реализира проект од аудио – визуелна дејност, филмска адаптација **ЛАЗАРЕНКИ** – реликвија на етничкиот предел Бојмија, финансиран од Општина Гевгелија, а во продукција на ЈОУ Дом на култура „Македонија“ – Гевгелија, промовиран во Гевгелија, а презентиран во Битола, Богданци, Струга, Р.Србија | 1 | 10 | | | **10** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **10** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **233** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-302/17 од 12.12.2023 година донесена на 313. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 12.12.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област гинекологија и акушерство (30205) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

1. Проф. д-р Ѓорѓи Бабушку, редовен професор во пензија за наставно-научната област гинекологија и акушерство – претседател;
2. Проф. д-р Славејко Сапунов, редовен професор во пензија за наставно-научната област гинекологија и акушерство – член;
3. Проф. д-р Глигор Димитров, насловен вонреден професор за наставно-научната област гинекологија и акушерство, вработен во Клиничката болница „Аџибадем Систина” во Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 24.11.2023 година и во предвидениот рок се пријави: насловен вонреден професор д-р Зоранчо Петановски, специјалист по гинекологија и акушерство, доктор на медицински науки од научната област гинекологија и акушерство, вработен во ПЗУ „Ремедика“ - Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Кандидатот насловен вонреден професор д-р Зоранчо Петановски е роден на 16 јули 1959 година во Битола. Основно и средно образование завршува во Битола. Во студиската 1978/1979 година се запишува на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Студиите ги завршува во 1984 година. Специјалистичкиот испит од областа гинекологија и акушерство го положува во 1993 година. Во 2013 година ја одбранува докторската дисертација, со што се стекнува со звање доктор на медицински науки.

**Работно искуство**

Од 1988 до 2005 година е вработен во Специјалната болница за гинекологија и акушерство – Чаир.

Од 2005 година до денес е вработен во ПЗУ „Ремедика“ на место раководител на Одделението за гинекологија и акушерство во период 2005 – 2010, а раководител на Центарот за ин витро фертилизација од 2005 година до денес.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен вонреден професор:**

1. Избран е со звање доцент на Факултетот за медицински науки при

Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип со Одлука бр. 2502-99/15 од 24.4.2014 година, за наставно-научната област гинекологија и акушерство, а избран со звање насловен вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип од областа на гинекологија и акушерство, Одлука бр. 2002-254/8 од 2019 година.

2. Има објавени потребен број на научноистражувачки трудови во соодветната област во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор или меѓународни научни списанија со импакт фактор;

3. Има објавено рецензиран практикум и рецензиран учебник во областа во којашто се избира;

4. Има објавено монографија, скрипта и две книги од областа во којашто работи;

5. Постигнувања во примената на истражувачките резултати и способност за изведување на одделни видови високообразовна дејност;

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Petanovski Z. and Petanovska Kostova E. | Everyday Practice of 2D/3D Vaginal Ultrasound in Reproductive Gynecology | Donald School J Ultrasound Obstet Gynecol 2020, (14):97 – 116 DOI: 10.5005/jp-journals-10009-1640 ISSN 0973-614X, elISSN 0975-191 | Index. in: Embase, Scopus, EBSCO, Index Copernicus value = 103,1 (2020) |
| 2. | Petanovski Z | Uterine Leiomyoma Variants: Case Reports and Literature Review | Donald School J Ultrasound Obstet Gynecol 2023;17(2):124–131. | Index. in: Embase, Scopus, EBSCO, Index Copernicus value = 103,1 (2020) |
| 3. | Petanovska Kostova E, Petanovski Z | Immature Ovarian Teratoma | Donald School J Ultrasound Obstet Gynecol 2020; 14 (4):359-363. DOI: 10.5005/jp-journals-10009-1677. ISSN 0973-614X, elISSN 0975-1912. | Index. in: Embase, Scopus, EBSCO, Index Copernicus value = 103,1 |
| 4. | Wyns C, De Geyter C, Calhaz-Jorge… Petanovski Z.. | ART in Europe, 2016: results generated from European registries by ESHRE. | Hum Reprod Open. 2020 Aug 5;2021(3):hoab026. doi: 10.1093/hropen/hoab026. PMID: 34377841; PMCID: PMC8342033 | Indexed SCIE: Obstetrics & Gynecology IF 7,1 |
| 5. | Wyns C, De Geyter C, Calhaz-Jorge C, Kupka MS,… Petanovski Z | ART in Europe, 2018: results generated from European registries by ESHRE. : | Hum Reprod Open. 2022 Jul 5;2022(3):hoac022. doi: 10.1093/hropen/hoac022. | Indexed SCIE: Obstetrics & Gynecology IF 7,1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | Wyns C, De Geyter C, Calhaz-Jorge C, Kupka MS, Motrenko T,… Petanovski Z… | ART in Europe, 2017: results generated from European registries by ESHRE. | Hum Reprod Open. 2021 Aug 5;2021(3):hoab 026. doi: 10.1093/hropen/hoab026. PMID: 34377841; PMCID: PMC8342033 | Indexed<br><br>SCIE: Obstetrics & Gynecology IF 7,1 |
| 7. | Petanovska Kostova E, Petanovski Z. et all. | Different timing of adjuvant low dose hCG and GnRH agonist trigger protocol, in OHSS high risk patient with peak E2 level < 4000 pg/ml | (2020) Gynecology Obstetrics & Reproductive Medicine (GORM.) 2020 DOI:10.21613/ GORM.2020.1133. ISSN: 1300-4751,E-ISSN: 2602-4918 | Scientific Indexing Services (SIS) Worldcat OCLC, CiteFactor, Impact Factor = 1,45 |
| 8. | Petanovski Z, Kostova EP, Prodanova I, Ivkovska T, Dimitrov G | 2D/3D Ultrasound Findings of Uterine Carcinosarcoma: A Case Report and Literature R | Donald School J Ultrasoun Obst and Gynecol 2022; 16 (2):148-152. | Index. in: Embase, Scopus, EBSCOIndex Copernicus value = 103,1 |
| 9. | Petanovski Z, Kurjak A, Kostova EP.. | Imaging of Acquired Uterine Lesions. | Donald School J Ultrasound Obstet Gynecol 2022;16(4):298–303 | Index. in: Embase, Scopus, EBSCOIndex Copernicus value = 103,1 |
| 10 | Petanovski Z, Kurjak A, Kostova EP. | Adnexal Masses. | Donald School J Ultrasound Obstet Gynecol 2022;16(4):304–311 | Index. in: Embase, Scopus, EBSCOIndex Copernicus value = 103,1 |

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатот насловен вонреден професор д-р Зоранчо Петановски е вклучен во наставно-образовната дејност од 1997 година, кога е избран за асистент на Клиниката по гинекологија и акушерство при Медицинскиот факултет во Скопје. Во периодот по неговиот избор во звање доцент 2014 г. и насловен вонреден професор 2019, учествува во наставно-образовниот процес / во едукација на студенти преку предавања на ФМН при УГД на I и III циклус студии:

Предмети од прв циклус студии – студиска програма за акушерки:

- Акушерство со превентива во акушерството;
- Бременост, породување, пуерпериум;
- Патолошки состојби во акушерството;
- Подготовка за породување, акушерски инструменти и опрема;
- Репродуктивно здравје и планирање на семејство;
- Исхрана во тек на бременост и лактација.

Предмети од трет циклус на студии – Клиничка медицина:

- Ултразвук во гинекологијата;
- Репродуктивна ендокринологија и инфертилитет.

Кандидатот насловен вонреден професор д-р Зоранчо Петановски бил рецензент на повеќе трудови, ментор на дипломски трудови и специјализанти, како и член на комисија за одбрана на дипломски трудови и специјалистички испити од областа на гинекологија и акушерство:

- 5 пати член на Комисија за одбрана на дипломски труд;

- 3 пати член на Комисија за полагање на специјалистички испити по гинекологија и акушерство;
- Ментор на 9 специјализанти од областа на гинекологија и акушерство;
- Ментор на 3 студента на високи стручни студии – акушерки;
- Рецензент на 3 труда објавени во странски списанија;
- Рецензент на 5 труда за учество на конгреси на Европската асоцијација за хумана репродукција.

Кандидатот насловен вонреден професор д-р Зоранчо Петановски е автор на рецензирана скрипта со наслов „БРЕМЕНОСТ, ПОРОДУВАЊЕ И ПУЕРПЕРИУМ" од 2018 год. и рецензиран практикум „БРЕМЕНОСТ, ПОРОДУВАЊЕ И ПУЕРПЕРИУМ" од 2018 год. Како и монографија со наслов „Фактори кои влијаат врз резултатот од вонтелесното оплодување".

Во последниве две години има издадено 2 книги во областа и тоа:

- 3D/4D Ultrasound in Gynecology "Donald School, Book, Editors PetanovskI Zorancho, Asim Kurjak (2022). Jaypee Brothers Medical Publishers, JP Medical Ltd. London (UK), 2022.ISBN 978-93-5465-0004-8;
- Donald School: Difficult Cases in Obstetrics and Gynecology Book Editors: Zorancho Petanovski, Edin Medjedovic & Asim Kurjak ASIN: B0CN72BQTW, Jaypee Brothers Medical Publishers (23 October 2023) ISBN - 978-93-5696-260-6.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (СА+ОР)**

Кандидатот во периодот на неговото долгогодишно работење во Специјалната болница за гинекологија и акушерство *Чаир* во Скопје, согласно со политиката на болницата, го минува својот работен стаж низ одделите во истата. Во 1999 година е назначен за раководител на Одделот за асистирана репродукција. Во тек на целиот свој работен стаж во болницата активно учествува како во стручната, така и во научната работа на одделението и болницата во целост. Од 2003 до 2005 година д-р Петановски ја извршува функцијата помошник-директор на Специјална болница за гинекологија и акушерство – Чаир.

Од 2005 година кандидатот преоѓа во ПЗУ „Ремедика", каде што го организира и е раководител на Одделението за гинекологија и акушерство. Учествува во стандардизацијата на Центарот за вонтелесно оплодување кој е во склоп на ПЗУ „Ремедика". Во овој период активно учествува како поканет гостин на стручни предавања во земјава и надвор од неа, како и во стручно популарни емисии и пишани медиуми. Член е на неколку стручни здруженија во земјава и надвор од неа.

Во тек на својата професионална кариера има учествувано на повеќе од 80 конференции, семинари и конгреси. Во последниве 5 години е повикан за поканет предавач на повеќе семинари од кои како позначајни се издвојуваат:

- 2019 – Spring Forum "Future is here"- "Dual trigger – between rationality and danager". Budapest. Invited lecturer;
- 2020 - 25th E - Congress of the 3rd Obstetrics and Gynaecology Department of the AUTh, 2nd Congress of Ian Donald, Thessaloniki' s branch - Evidence-based Guidelines and Clinical Practice "Imaging Dilemmas In Gynecology" – "3D Ultrasound of the uterus in reproductive gynecology." Invited lecturer;
- 2023 - The 5th International Congress of Gynecologists and Obstetricians at the Hotel Inex Olgica, Ohrid from May 11-14, 2023. Invited lecturer;
- 2023 – Balkan IVF experience, Belgrade. Invited lecturer.

Проф. д-р Зоранчо Петановски до сега има 54 рецензирани трудови во билтените на универзитетите „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и „Гоце Делчев” во Штип, а за рецензија ги приложува следниве трудови:

55. Petanovska Kostova E, Petanovski Z. et all. (2020) Different timing of adjuvant low dose hCG and GnRH agonist trigger protocol, in OHSS high risk patient with peak E2 level < 4000 pg/ml Gynecology Obstetrics & Reproductive Medicine (GORM.) 2020 DOI:10.21613/GORM.2020.1133. ISSN: 1300-4751,E-ISSN: 2602-4918.

Студијата го анализира клиничкиот потенцијал на двата тригери на финалната ооцитна матурација. Заклучок е дека ДУАЛ тригерот донесува подобра компетенција на ембрионите добиени од овој тригер.

56. Petanovska Kostova E, Petanovski Z. et all. (2020). Immature Ovarian Teratoma. Donald School J Ultrasound Obstet Gynecol 2020; 14 (4):359-363. DOI: 10.5005/jp-journals-10009-1677. ISSN 0973-614X, elISSN 0975-1912.

Опис на случај на иматурен тератом и тоа во зачеток на неговиот развој. Значајна порака од овој случај е преоперативното замрзнување на ооцити како би се зачувала репродуктивната способност на лицето.

57. Petanovski Zorancho and Petanovska Kostova Emilija (2020). Everyday Practice of 2D/3D Vaginal Ultrasound in Reproductive Gynecolog Donald School J Ultrasound Obstet Gynecol 2020, (14):97 – 116 DOI: 10.5005/jp-journals-10009-1640 ISSN 0973-614X, elISSN 0975-191

Ова ги дава основите и напредните техники на 2Д и 3С ултразвукот во секојдневната пракса.

58. S. Stojkovska et all. … Z.Petanovski. (2019). Novel method of treating ovarian infertility: is Platelet-Rich Plasma a new promising therapy in the future. Mac. Med. Preview,2019; 73 (2); 101-106.

Студија која зборува за нова техника за подигање на оваријалната резерва кај ниско резервните рецептори.

59. European IVF-Monitoring Consortium (EIM) for the European Society of Human Reproduction and Embryology (ESHRE); Wyns C, De Geyter C, Calhaz-Jorge C, Kupka MS, Motrenko T, Smeenk J, Bergh C, Tandler-Schneider A, Rugescu IA, Vidakovic S, Goossens V… Petanovski Z. ART in Europe, 2016: results generated from European registries by ESHRE. Hum Reprod Open. 2020 Aug 5;2021(3):hoab026. doi: 60.1093/hropen/hoab026. PMID: 34377841; PMCID: PMC8342033.

Слика на ИВФ процесите во Европа со компарација на клиничката бременост, типот на ИВФ по земји.

60. A Kurjak, S Panchal, E Medjedovic, Z Petanovski (2020) The Role of 3D Power Doppler in Screening for Ovarian Cancer Int J Biomed Healthc 8 (2), 80-92

Студија која зборува за можностите на 3Д ултрасонографијата и 3Д колор доплерот во скрининг напорите за рано откривање на карциномот на оваријумот.

61. Petanovski Z, Kostova EP, Prodanova I, Ivkovska T, Dimitrov G. 2D/3D Ultrasound Findings of Uterine Carcinosarcoma: A Case Report and Literature Review. Donald School J Ultrasound Obstet Gynecol 2022; 16 (2):148-152.

Опис на случај на карциносарком на ендометриум.

62. Petanovski Z. Uterine Leiomyoma Variants: Case Reports and Literature Review. Donald School J Ultrasound Obstet Gynecol 2023;17(2):124–131.

Ревју во кое се дадени најчестите форми на варијанти на утерините миоми како целуларните миоми, миомите со непознат малигнен потенцијал итн.

63. Petanovski Z, Kurjak A, Kostova EP. Imaging of Acquired Uterine Lesions. Donald School J Ultrasound Obstet Gynecol 2022;16(4):298–303.

Ревју во кое се дадени ултразвучните описи на најчестите стекнати утерини аномалии.

64. Petanovski Z, Kurjak A, Kostova EP. Adnexal Masses. Donald School J Ultrasound Obstet Gynecol 2022;16(4):304–311

Опис на ултразвук на целокупната аднексална патологија вклучувајќи ги цистичните формации на јајник и пелвичната инфламаторна болест.

65. European IVF Monitoring Consortium (EIM), for the European Society of Human Reproduction and Embryology (ESHRE); Wyns C, De Geyter C, Calhaz-Jorge C, Kupka MS, Motrenko T, Smeenk J, Bergh C, Tandler-Schneider A, Rugescu IA, Goossens V. ART in Europe, 2018: results generated from European registries by ESHRE. Hum Reprod Open. 2022 Jul 5;2022(3):hoac022. doi: 10.1093/hropen/hoac022. PMID: 35795850; PMCID: PMC9252765. Извештај на работата на европските земји и нивните центри во полето на ин витро фертилизацијата.

66. European IVF-Monitoring Consortium (EIM) for the European Society of Human Reproduction and Embryology (ESHRE); Wyns C, De Geyter C, Calhaz-Jorge C, Kupka MS, Motrenko T, Smeenk J, Bergh C, Tandler-Schneider A, Rugescu IA, Vidakovic S, Goossens V. ART in Europe, 2017: results generated from European registries by ESHRE. Hum Reprod Open. 2021 Aug 5;2021(3):hoab026. doi: 10.1093/hropen/hoab026. PMID: 34377841; PMCID: PMC8342033. Извештај на работата на европските земји и нивните центри во полето на ин витро фертилизацијата.

67. Seistrajkova M, Dimitrov G, Petanovski Z, Iljovska S. Pricing and Phasing of In Vitro Fertilization services in Republic of Macedonia. Open Access Maced J Med Sci. 2022 Sep 03; 10(E):1635-1638. https://doi.org/10.3889/oamjms.2022.9751. Анализа на трошоците кај ин витро фертилизацијата.

Според „Google Scholar", проф. д-р Зоранчо Петановски во последниве 5 години има 390 цитати од кои H index 8, i10 – index 6.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на анализата на приложените документи, како и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа насловен вонреден професор д-р Зоранчо Петановски има голем придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност.

Согласно со претходно изнесеното, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за посебните услови и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Комисијата со особено задоволство му ја предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да го избере насловниот вонреден професор д-р Зоранчо Петановски во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Ѓорѓи Бабушку, редовен професор, претседател, с.р.

Д-р Славејко Сапунов, редовен професор, член, с.р.

Д-р Глигор Димитров, насловен вонреден професор, член,

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ
## насловен вонреден професор д-р Зоранчо Петановски

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Избор во звање вонреден професор | 40 | | | | |
| | **Вкупно** | **40** | | | | |
| Р. бр. | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | | | | |
| | | во земјава | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| 3 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) (15/10/5)<br><br>Труд со реден број 4, 5, 6 – останати автори | 3 x 5 | | | | **15** |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (9/6/3)<br><br>Трудови под реден број 1, 2, 8, 9, 10 – прв автор<br><br>Труд со реден број 3 и 7 – втор автор | 5 x 9<br><br>2 x 6 | | | | **45**<br><br>**12** |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник со трудови на научен собир | | | 2 x 3 | | **6** |
| | **Вкупно** | | | | | **86** |
| Р. бр. | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | | | | |
| | | во земјава | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| 1 | КНИГА<br>3D/4D Ultrasound in Gynecology "Donald School, Book, Editors PetanovskI Zorancho, Asim Kurjak (2022). Jaypee Brothers Medical Publishers, JP Medical Ltd. London (UK),2022.<br>• Donald School: Difficult Cases in Obstetrics and Gynecology Af Zorancho Petanovski, Edin Medjedovic & Asim KurjakASIN: B0CN72BQTW, Jaypee Brothers Medical Publishers (23 October 2023) ISBN-10 : 935696260X, ISBN-13 : 978-9356962606 | 2 x 15 | | | | **30** |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 2x3 | | | | 6 |
| 7 | Пленарно предавање на стручен собир | 1 x 2 =2 ;3x4=12 | | | | **14** |
| 10 | Член на уредувачки одбор | 1x2 | | | | 2 |
| | **Вкупно** | | | | | **52** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **170 бода** | | | | |

# РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ ЗА Е-УЧЕБНИК „ТОТАЛЕН МЕНАЏМЕНТ НА КВАЛИТЕТ” ОД ПРОФ. Д-Р ЕЛИЗАБЕТА МИТРЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2102-35/8 од 302. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика одржана на 31.1.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Драшко Атанасоски, редовен професор, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип,
- д-р Марија Магдинчева-Шопова, редовен професор, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис за е-учебник **„Тотален менаџмент на квалитет”** од **проф. д-р Елизабета Митрева** наменет за студентите на втор циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Учебникот **„Тотален менаџмент на квалитет”** е наменет главно за студентите на втор циклус студии на студиските програми: Бизнис логистика, Бизнис администрација и Меѓународен туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Предметот се изучува на втор циклус студии, во втор семестар, во прва година и ја покрива наставната материја со оптовареност 2 (два) часа неделно т.е. 24 (дваесет и четири) часа по семестар.

**Податоци за обем на ракописот:** Проблематиката што е предмет на обработка е претставена во текст од вкупно 321 страници, од кои на 314 страници е претставен основниот текст, на 6 страници се поместени 88 релевантни библиографски единици, од монографски единици, периодични списанија, статии, извештаи и интернет страници, во најголем дел странска литература што ги покрива подрачјата што се третирани во трудот. За полесно совладување на изнесената проблематика авторката дава голем број шеми (122) и таблици (21), за се што може на сликовит начин да се претстави за полесно да се разбере и запамети од страна на читателот. Во ракописот има практични примери од реални системи со цел да се види апликативната примена на методологиите кои даваат јасна претстава за соодветната тематика.

**Обемот на трудот и неговата содржина** ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебникот е напишан на оригинален начин и во него е поместена теоријата на филозофијата на тотален менаџмент на квалитет и имплементацијата во реални системи со посебен акцент на унапредувањето на процесите, производите и услугите. Авторката на учебникот прилично амбициозно нуди одговор на прашањата со кои се соочува современото деловно работење. Во овој учебник е нагласено значењето на управувањето со процесите како клучен фактор за освојување на купувачите/ корисниците, што значи континуирана потрага по најдобри технички, технолошки, маркетиншки и други унапредувања и подобрувања кои ќе ги произведат саканите резултати, а тоа е задоволство на потрошувачите, но и профит. Во овој ракопис е нагласена потребата од континуирано подобрување на квалитетот на постоечките производи, услуги и процеси користејќи различни методологии за бездефектно работење, како и оптимизацијата на деловните процеси и анализа на трошоците на квалитет. Во овој учебник покрај презентираните методологии за управување со процесите во рамките на организациите се разработени примери за оценка на истите во реални услови.

Јазикот на кој е напишан овој учебник е јасен и разбирлив, а дефинициите на поимите во него се технички прецизни.

***Краток опис на содржината***

Учебникот „Тотален менаџмент на квалитет" се состои од петнаесет тематски целини: 1. Тотален менаџмент на квалитет како деловна филозофија; 2. ГУРУ-А во креирањето на филозофијата на TQM (Total Quality Management); 3. Улогата на менаџментот во усвојување на TQM филозофијата; 4. Модели на TQM филозофијата низ светот; 5. Столбови на филозофијата на Total Quality Management (TQM); 6. Основи за проектирање и имплементирање систем на квалитет; 7. Потребата од методи и техники на квалитет во организации; 8. Образование и систем за мотивација во организациите; 9. Трошоците на квалитет како еден од столбовите на TQM стратегијата и нивното значење; 10. Мерен систем во управувањето со деловните процеси; 11. Постпродажниот период на производот/ услугата; 12. Проектирање систем за тотално управување со квалитет; 13. Како да започне процесот на проектирање и имплементирање на TQM систем во организации; 14. Примена на интегрална методологија за проектирање и имплементирање на TQM систем во македонски организации; 15. Зошто е битна социјална одговорност на организациите.

Низ поглавјата во учебникот се дадени практични примери од реални системи каде што се анализира апликативноста на дел од методологиите во реални услови.

Пред да ги истакнеме нашите оценки за трудот, како и предлогот, најнапред во скратена форма ќе ја презентираме неговата содржина.

*Во првото поглавје* од учебникот е опфатена филозофијата на тотален менаџмент на квалитет, како и значењето и улогата на квалитетот на производите и услугите. Во поглавјето се опфатени и разработени карактеристиките и поврзаноста на квалитетот со барањата на корисниците, исполнување на роковите при најмали трошоци на работење. Тоа значи континуирана потрага по најдобри технички, технолошки, маркетиншки и други унапредувања и подобрувања кои ќе ги произведат саканите резултати, а тоа е задоволството на потрошувачите и профитот. За да сè има ефект од примената на истите е потребен нивен правилен избор и меѓусебна координација.

*Во второто поглавје* авторката дава приказ на еволутивниот развој на менаџментот на квалитет и зошто се јавила потребата од квалитет на деловните процеси, производите и услугите на пазарот, како и приказ на различните пристапи за унапредувањето на квалитетот на деловните процеси. Авторката прилично амбициозно нуди одговор на прашањата со кои се соочува современото деловно работење.

*Во третото поглавје* авторката се осврнува дека без посветеност на топ менаџментот кон поставените цели за квалитетот и доследноста во нивното спроведување, сите напори ќе бидат само трошење време и пари, а во исто време ќе ја намалат можноста за успешност на следната таква иницијатива. Авторката го насочува фокусот дека проектирањето и имплементацијата на системот за тотален менаџмент на квалитет значи драстична промена во однесувањето на вработените, радикални промени во организационата поставеност, јасно дефинирање на правата, обврските и одговорноста на секој поединец. Менаџерскиот кадар во претпријатието со својата добра волја и упорност треба да го вклучи сопствениот човечки потенцијал, со формирање тимови од сите профили, интегрирајќи ги нивните знаења за да се постигне целосно владеење со квалитетот во сите процеси на организациите, при најмали трошоци на работење. На ваков начин ќе се овозможи навреме да се спречат можните дефекти, навреме да се елиминираат проблемите со отстранување на евентуалните причини. Вообичаениот отпор и страв од промените бргу се надминува и се наметнува силна желба за промена на постојната состојба, со нов пристап кон квалитетот, со целосна посветеност кон клиентот, вработените, околина и државата.

*Во четвртото поглавје* авторката го насочува фокусот на вниманието кон моделите на управување со деловните процеси во организациите и кои се клучевите на успех на тој пат. Ова поглавје авторката го посветила на комплетното проучување и презентирање на многу експерти за теоријата на менаџментот на квалитетот во светот и кај нас. Во ракописот се дадени дијагнози и анализи на американскиот, европскиот и јапонскиот модел, како и постоечкиот модел на управување во македонските организации.

На проблематиката поврзана со имплементацијата на тотален менаџмент на квалитет авторката *го посветила петтото поглавје* анализирајќи го традиционално управување со процесите, преку реактивното подобрување на процесите за да се понуди проактивно подобрување на деловните процеси и потребата од реинженеринг на деловните процеси. Проактивното работење започнува со анализа на деловната организираност, потоа се продолжува низ анализата на барањата на интерните и екстерните купувачи, а се завршува со детално дефинирање на процесот. На проблематиката поврзана со видовите стандарди, нивната примена и важноста за организациите, како и проектирање и имплементирање интегрирани менаџмент системи авторката го посветила ова поглавје во учебникот. Во ова поглавје е дадено значењето и предноста од воспоставување систем за квалитет, како поле за развивање различни елементи кои овозможуваат стекнување конкурентска предност.

*Во шестото поглавје* од учебникот авторката го насочува фокусот на вниманието кон потребата од проектирање систем за квалитет и кои пристапи за унапредување на квалитетот на деловните процеси се користат во практиката. Тоа значи, потреба од реинженеринг во компаниите со радикално нов начин на мислење и работење. Во ова поглавје е нагласена потребата од надминување

на традиционалното управување со процесите, каде што преку реактивно подобрување на процесите треба да доведе до континуирано подобрување на квалитетот на постоечките производи, услуги и процеси. Значајно внимание за основите на проектирање и имплементирање на систем на квалитет авторката посветил во ова поглавје, каде што ги разработува најважните прашања за примена на QC-CE (Quality Cycle & Cause and Effect) моделот при проектирањето на деловните процеси и стандардните оперативни процедури, во форма на блок дијаграми (карта на тек), со кој може да се управуваат сите деловни процеси во организациите, на начин на кој точно ќе се определат обврските и одговорностите на учесниците во планирањето, реализирањето, контролирањето и коригирањето (PDCA – Plan-Do-Check-Act). Овде посебно место зазема примената на интерната стандардизација со што се подобрува одговорноста на вработените во реализација на деловните процеси.

*Во седмото поглавје* авторката го насочува фокусот на вниманието кон примената на статистичките методи и техники со кои се смалуваат дефектите во работењето, а со примената на софтверските пакети се зголемува ефикасноста во примената на истите. За да има ефект од примената на истите е потребен нивен правилен избор и меѓусебна координација. Во изборот и примената влијаат голем број фактори од организациски и технички карактер, па зависно од проектирањето, односно организациското структурирање на системот за квалитет, може да се направи нивен правилен избор.

Теоријата на разбирање (поимање): концепт кој ги објаснува знаењето и границите - доживотното учење, авторката *го разработила во осмото поглавје* каде што се осврнува на основните начела на стекнување знаење и способност за развој базиран на знаење. Авторката укажува на фактот дека еднаш осознаените и усвоените менаџерски вештини и постапки немаат траен и непроменлив карактер и природа, како варијабли, туку тие се менуваат согласно со условите, можностите и барањата на опкружувањето. Без образование за овие области и континуирано образование најпрво на менаџерите, а потоа, преку нив, на сите вработени, не би можело да се примени методологијата за TQM и покрај тоа не би можеле да се оценуваат наведените придобивки од системот за квалитет. Познавање на психологијата - сфаќањето на човековата природа е исто содржано во осмото поглавје од учебникот. Покрај образованието, мотивацијата и проектирањето систем на мотивација е исто така значајна моторна сила за остварување на системот за тотален менаџмент на квалитет.

*Во деветтото поглавје* авторката ја разработува проблематиката на анализите на трошоците на квалитет преку кои може да се контролираат загубите и истите да се сведат на минимални во поглед на потрошувачката на материјали и енергија. Нагласена е потребата од континуирано подобрување на квалитетот на постоечките производи, услуги и процеси користејќи методи и техники за бездефектно работење, како и оптимизацијата на деловните процеси и анализа на трошоците на квалитет.

Прашањето на менаџмент со мерниот систем е содржано *во десеттото поглавје* од учебникот. Во него се разработени мерните механизми преку кои секојдневна практика на секој вработен не треба да биде само контролата во работењето, туку вработените мора да бидат обучени да делуваат превентивно, а не да се окупирани со детекција; мора да добијат одговорност и моќ да ги коригираат своите грешки и да го изнесуваат секој проблем во врска со квалитетот

што ќе го откријат. На таков начин ќе се овозможи унапредување на квалитетот на производите/ услугите, поголема конкурентност, поголема продуктивност, производство на производи со повисока фаза на преработка, намалување на трошоците и сл.

Постпродажниот период на производот е обработен *во единаесеттото поглавје*. И во оваа поглавје се разработува однесувањето на корисниците по купувањето на производот или услугата. Значајно место е посветено и на постпродажната поддршка на производот и услугата, каде посебно место зазема постапката за враќање на производот или сервис/ замена на дефектните производи.

*Понатаму во дванаесеттото поглавје* се опфатени врските помеѓу оптимизацијата на вкупните трошоци на работа, реинженерингот на деловните процеси и важноста во управувањето на деловните процеси во организацијата. Во ова поглавје авторката се осврнува на тоталниот менаџмент на квалитет (Total Quality Management - TQM) кој претставува системски пристап на управување и има за цел континуирано да ги унапредува вредностите за корисникот со проектирање и постојано унапредување на деловните процеси и системи. Главната поента во ова поглавје е Деминговата порака која се состои во тоа дека унапредување на квалитетот ќе доведе до намалување на трошоците, а во исто време и зголемување на продуктивноста и учеството на пазарот. Тоа впрочем беше применето од значаен број производители кои масовно ги применуваа неговите методи и техники, а со тоа постигнаа висок квалитет и солидни деловни резултати. Евидентен е податокот за зголемен квалитет во комбинација со смалувањето на трошоците, што доведе до зголемена побарувачка на јапонските производи на светскиот пазар. Тоа ѐ дава право на авторката на овој труд да им сугерира и на студентите и на македонските компании да го следат ваквиот пример на јапонското искуство за успешен настап на пазарот и водење постојана конкурентска борба за остварување на што поголем успех, односно привлекување поголем број потрошувачи, со цел да се оствари поголем профит.

*Во тринаесеттото поглавје* авторката ја разработува проблематиката како да започне процесот на проектирање и имплементирање на TQM систем во организации. Исто така, во поглавјето се дадени потребните чекори во проектирањето и постојаното унапредување на деловните процеси и системи. Примената на интегрална методологија за проектирање и имплементирање на TQM систем во македонски организации авторката ја разработува во *четиринаесеттото поглавје.* Во поглавјето се опфатени врските помеѓу оптимизацијата на вкупните трошоци на работа, реинженерингот на деловните процеси и важноста во управувањето на деловните процеси во организацијата. Во ова поглавје од учебникот следат практични примери од реалните системи каде што студентите и читателите можат лесно и едноставно да ги разберат презентираните методологии и техники за управување со процесите во рамките на организациите и се разработени примери за оценка на истите во реални услови.

*Во петнаесеттото поглавје* авторката ја обработува проблематиката поврзана со социјално одговорна организација што значи истата економските цели да ги остварува на начин што ќе придонесе за доброто на општеството и животната средина. Преку овој модел, економските и социјалните цели на организациите се спојуваат, со цел решавање на општествените проблеми и предизвици, овозможување помош и поддршка на малите формални и неформални бизниси, и задоволување на потребите на одредени ранливи групи во општеството.

**ЗАКЛУЧОК**

Овој учебник претставува уште еден обид на авторката да претстави научен материјал со висок квалитет во кој се даваат можности за стекнување пошироки знаења од областа на тотално управување со квалитетот во организациите. Во сублимирањето на трудот, авторката се послужила и со голем материјал обезбеден како резултат на долгогодишната работа во оваа област, каде што имал можност да учествува во работата на неколку научни проекти и бројни стручни и научни собири поврзани со управувањето со деловните процеси во организациите и примената на различни методологии за унапредување на процесите, производите и услугите.

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека предложениот ракопис за учебник по предметот Тотален менаџмент на квалитет е сосема во согласност со студиската програма и наставниот план на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Учебникот од педагошки и научен аспект го поседува потребното ниво соодветно за студентите на втор циклус студии. Според наши сознанија, ваков учебник, која по обемот и содржината, на оригинален начин, разработува примери, прашања и нуди решенија, а која одговара на предвидената наставна програма по предметот Тотален менаџмент на квалитет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип не е објавен.

Согласно со ова, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му го препорачуваме учебникот „Тотален менаџмент на квалитет“ од авторката проф. д-р Елизабета Митрева да го прифати како рецензиран учебник.

**Рецензенти**
Д-р Драшко Атанасоски, редовен професор, с.р.
Д-р Марија Магдинчева-Шопова, редовен професор, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ИНОВАЦИИ”**
**ЗА СТУДЕНТИТЕ ОД ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, И ОСТАНАТИТЕ ФАКУЛТЕТИ И АКАДЕМИИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ОД ПРОФЕСОР Д-Р РИСТЕ ТЕМЈАНОВСКИ**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1202-35/5 од 31.01.2024 донесена на 244 редовна седница на Наставно-научниот совет на ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ, одржана на ден 31.01.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

**Редовен Професор д-р Круме Николоски**, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;

**Редовен Професор д-р Еленица Софијанова**, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис „**Претприемништво и иновации”** од автор **Проф. Д-р Ристе Темјановски**

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „*Претприемништво и иновации*” од Проф. Д-р Ристе Темјановски, е наменет за студентите и професорите на Економски факултет, Факултетот за информатика и останатите единици на Универзитет „Гоце Делчев” од Штип. Материјалот е концепиран и пишуван според потребите за основна и дополнителна литературата на студентите од економските и информатичките науки, кои имаат интерес да ги следат глобалните текови и процеси во доменот на Претприемништвото, неговиот поттик, влијание врз севкупната бизнис околината, но и да создадат јасна слика од делувањето на претприемничката клима во секојдневното функционирање на поединецот. Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосно опфатена стручна граѓа чија главна цел е да даде основа за разбирање и совладување на теоретските и практичните актуелни случувања и предизвици на современите текови во претприемничкиот екосистем. Во денешната бизнис клима претприемништвото е незаменлив сегмент од стратешките определби на една компанија, вклучувајќи ја визијата, процесите, конкурентноста, продажбата и продажните канали, каналите за дистрибуција и сл. Претприемничките вештини денес го движат светот. Тие предизвикаа „тектонско“ поместување во сите процеси на човековите активности: животни навики, начин на учење, работа, забава, спорт, политика и со што го видоизмени целокупниот пејзаж на цивилизациските достигнувања. Со право се смета дека претприемачите го моделираат светот и создаваат еден нов тип на економија - *нова економија со претприемнички знаења, вештини, во кои информациите се највреден ресурс. Како да се биде прв, иновативен и импозантен.*

**Податоци за обемот ракописот:** Ракописот со наслов „*Претприемништво и иновации*”, е наменет за издавање во електронска формат како е-учебник. Опфаќа вкупно 245 страници текстуален материјал, структуиран во 11 поглавја, надополнет

со слики, графикони и прилози. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според стандардна стручно научна методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Ракописот по обемот и содржината ги задоволува критериумите за електронски учебник по предметите Претприемништво (за студентите на Економски факултет) и Претприемништво и иновации (за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип како Универзитетски изборен предмет) .

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракописот на овој електронски учебник претставува оригинален авторски ракопис. Други слични вакви учебници, скрипти, практикуми или наставни помагала што ја третираат оваа проблематика на УГД досега не се објавени. Трудот според содржината и начинот на разработка претставува дело во кое на оригинален начин се претставуваат прашањата за современите глобални претприемнички процеси и текови во светот и кај нас. Светот во кој живееме е свет во кој иновативноста, претприемничкиот дух ги диктираат сите правци на современиот живот. Од своето појавување па сѐ до денес оваа област е во перманентен и динамичен развој и станува императив не само во меѓународното работење и домашните бизнис релации туку и составен сегмент на секојдневните бизнис средини. Оваа проблематика е со векови присутна во капиталистичкиот свет, сега нуди одлични можности за развој на економиите во развој, на малите компании, но и на големите корпорации, кои ја следат виталноста и претприемничката идеја. Од друга страна овозможува поединецот да ги следи претприемничките техники и самостојно да отпочне свој сопствен бизнис, а со тоа да биде вклучен во глобалните случувања.
При пишувањето користени се најнови резултати од економската, технолошките, информатичко-компјутерските науки и нивни сродни дисциплини.

**Краток опис на содржината:** Ракописот на монографијата е напишан на јасен и разбирлив начин со економска стручна терминологија, прифатлив за студентите и стручната научна јавност.

Концепцијата на книгата е современо базирана, со соодветна поврзаност на современите и актуелни состојби на економската наука во современиот бизнис свет. Трудот е напишан на оригинален начин и во него е опфатена комплексноста на проблематиката на претприемништвото. Во книгата се прикажани теми со соодветна поврзаност на теоријата и практиката на современата проблематика на претприемништвото кај нас и во светот, со цел на што поедноставен начин и низ практични примери, студентите да можат без тешкотии да ја совладаат оваа материја. Во секојдневниот живот претпримништвото се претставува како деловна активност која донесува материјална корист на поединецот или колективот. Од аспект на развој, тоа се толкува како тежнение за успех и постигнување парична корист. Претприемништвото денес стана значаен фактор на преструктуирање на фирмите и корпорациите, на цели национални економии, на цели региони на светското стопанство. Со овој труд се настојува да се истакне и потребата за објективна научна анализа на нашата економија, оценката на вистинските можности за модернизацијата и вклучување во светските глобални економски текови..

Секако дека во самиот ракопис, авторот дава и критичка анализа и оценка за последиците од ненавремените вклучувања на земјите во подем кон оваа проблематика, доведувајќи се во одредена состојба на губење на здивот со современите бизнис достигнувања.

Во *ракописот се опфатени десет поглавја кои се однесуваат на* работењето во глобалниот електронски бизнис: Претприемништвото како реалност во светот на бизнисот (*Глава 1*); Претприемништвото и современите економски теории и школи (*Глава 2*); Претприемништвото и економската околина (*Глава 3*); Пазарот, конкурентноста и претприемништвото (*Глава 4*); Претприемништвото и развивање пазарни стратегии (*Глава 5*); Претприемнички бизнис план (Глава 6); Организација и претприемничко однесување (*Глава 7*); Иновациите како главен двигател на бизнис промените (*Глава 8*) Мерки за подршка на претприемништвото (*Глава 9*) Корпорациско претприемништво (Глава 10); и Претприемништвото во Република Македонија (Глава 11).

Во *првото поглавје* од книгата се фокусот на внимание е насочен кон дефинирање на карактеристиките на претприемништвото во глобалниот бизнис свет. Во теоријата и практиката постојано се прават обиди на прецизен начин да се одговори на прашањето што претставува претприемништвото. Причини има многу, а главната секако е сложеноста на природата и фунцијата на претприемништвото, односно стекнувањето индивидуални и колективни манифестации и димензии на претприемничката функција. Комплексноста и комплементарноста на претприемништвото не е можно да се опфати со проста анализа и дефиниција, без хоризонтална локализација во речиси сите сфери на едно развиено општество (економија, култура, уметност итн). Авторот дава поимно објаснување на термините претприемач, претприемништво, профил на претприемачот и разлика меѓу претприемачите и менаџерите. Како главни карактеристики на претприемачите авторот ги наведува: самоувереност, талент, креативност, предизвик, динамизам, визија, иницијатива, реализам, оптимизам, прифаќање на критика, остроумност, настојчивост, прифаќање на ризик, независност, поливалентност, потреба од реализација, флексибилност, предвидување, енергичност, неконформизам, ориентација кон профит.

Во *вториот дел* на книгата се разработуваат современите економски теории и школи кои имаат силно влијание врз јакнење на претприемничката идеја. Проф. Темјановски ги обработува следните теории: Теоријата на Стивен Химер за специфичните предности на фирмата, Теоријата на животниот циклус на производот на Рајмнонд Вернон, Парадигмата на Џон Данинг, Теоријата на Мајкл Портер за конкурентноста, Животниот циклус на претпријатието според Исак Адижес. Во рамките на ова поглавје тој во рамките на школа за претприемништво ги разработува процесите, фазите и моделите на претприемништво.

Претприемништвото и економската околина е опфатена во *третата глава*. Авторот  д-р Темјановски во овој дел на книгата ја прикажува економската еволутивност на претприемништвото. Современата економска теорија битните карактеристики на претприемништвото ги гледа во реалокација на факторите кон точките на најпродуктивна употреба, рекомбинација и супституција на факторите на микро план, иновација и ризикот. Се потенцира исто така поврзаноста на претприемништвото за малиот бизнис, но се констатира и неговото поместување кон големите корпорации. Авторот истакнува дека редуцирање на претприемништвото во сферата на стопанството и неговото врзување за

исклучиво стопански активности, не само што покажува искривеност на неговата суштина, туку од аспект на теоријата и практиката е погрешно и штетно, со оглед на тоа што е присутно во сите сфери на општеството за кое се претпоставува дека се способни да се модифицираат и ја менуваат самата целина.

На проблемите поврзани со пазарот, конкурентноста и претприемништвото авторот го посветил *четвртото поглавје* во учебникот. Конкуренцијата претставува значаен поттик и услов за успешен развој на претприемништвото. Многу економисти, почнувајќи од Адам Смит, ја објаснувале вредноста како значаен сегмент за еден економски натпревар. Во конкурентската игра, претприемачот е мотивиран да се однесува на општествено посакуван и економски исплатлив начин. На сето тоа во крајна линија, него го присилуваат законите на пазарот. Конкуренцијата и слободниот пазар претставуваат нераскинлив дел од системот на слободното претприемништво. Таа поттикнува на самопотврдување, развој и ефикасно функционирање низ принудната селекција која се одигрува на пазарот.

Во таа селекција, како во Дарвиновата теорија за еволутивноста, во пазарниот натпревар, остануваат најефикасните и најдобри претпријатија, додека слабите претпријатија и неспособните претприемачи, често се изложени на пропаѓање.

Во *петтото поглавје* авторот фокусот на внимание го насочува кон развивање на пазарните стратегии. Се поставува прашањето која стратегија е најадекватна за решавање на проблемите во една индустриска гранка? Значи, произлегува дека една стратегија не е секогаш најдобро решение за решавање на проблемот. Што може да биде ефикасно за една компанија или во една индустриска гранка, не мора да биде и за друга. Исто така, може да се заклучи дека ниту една почетна стратегија не е докрај одредена. Но ова не значи дека почетните стратегии не треба да се земаат предвид. Многу повеќе тоа значи дека претприемачот треба да ги разбере расположливите почетни стратегии, како и природата на индустријата во која ќе стартува, при формулирањето на почетната стратегија на неговиот или нејзиниот нов потфат.

Во *шестото поглавје* е претставена технологијата на планирање и изработка на претприемнички бизнис план. Бизнис планот спаѓа во една од најзначајните активности на претприемачот. Меѓутоа одредени теоретски и емпириски истражувања потврдуваат дека сопствениците на малите претпријатија недоволно го применуваат планирањето во нивното работење. Со помош на планирањето тие би можеле да ги разрешат проблемите, причините и пречките кои се јавуваат во текот на работењето. Во деловниот потфат треба да бидат најразлични аспекти: менаџментот, производството, финансирањето, кадрите, деловниот ризик, маркетингот, истражувањето на пазарот, услугите, конкуренцијата, економските трендови и сл. Анализата на претходните аспекти треба да овозможи да се добие јасна претстава за малиот бизнис. Покрај деловната политика и целите, финален производ на процесот на планирањето претставува планот.

Организацијата и претприемничкото однесување се разработени во *седмото поглавје*. Сосема е сигурно дека основен услов за развој и функционирањето на претприемништвото претставува човечкиот капацитет и добро мотивиран кадар за покренување иницијатива, давање и прифаќање претприемничката идеја и реализација на претприемничките зафати и планови. масовното поттикнување на успехот како основна материјална и лична афирмација на поединецот претставува широка основа за развој и ефикасното функционирање на претприемништвото.

Преференцијата кон успехот се вградува во ткивото на поединецот, основните етички вредности за бизнисот се рефлектираат на него како објективизација на работата и претприемништвото во секојдневниот живот. По пат на многу јасните правила на игра на пазарот и вредностите, поединците се вклучуваат во многубројните врски во репрезентативната целина на конкретното општество.

Во осмото поглавје, авторот Темјановски се посветува на Иновациите, посебно на иновативните промени како важен генератор на сите бизнис активности. Иновациите се клучни за растот на секоја економија, индустрија и дејност, особено бидејќи брзината на деловните циклуси продолжува да се зголемува. Повеќето компании ја разбираат важноста на иновациите, но не успеваат кога станува збор за нејзина конкретна примена и реализација. Авторот наведува дека заемната поврзаност и влијанието на иновациите и претприемништвото врз економскиот раст и напредокот на современите економии беше и сè уште е предмет на бројни теоретски дискусии почнувајќи од Шумпетер, Дракер, па и во одредени емпириски истражувања. Како и да е опишано, иновацијата е од клучно значење бидејќи го стимулира економскиот раст, вработеноста и растот на приходите, го подобрува квалитетот на животот и конкурентноста.

Мерките за поддршка на претприемништвото се елаборирани во *деветото поглавје* на учебникот. Новите модели на комерцијално управување, воведувањето на конкурентноста и учеството на приватниот сектор, ја наметнуваат потребата за промена на начинот на менаџирање во доменот на претприемништвото и услугите кај локалното население. Децентрализацијата како докажана демократска практика, ќе може успешно да придонесе во подобрувањето и развојот на претприемништвото. Иако децентрализацијата претставува политичка категорија, успехот од нејзината примена, во голема мерка е условен од економските состојби во државата, економската и инфраструктурната политика. Глобалните и економските случувања, искуствата од развиените земји и потребата од надминување на проблемите во помалите административни единици, сè повеќе ја поттикнуваат локалната власт за помасовно учество, како во инвестирањето, така и во менаџирањето во користењето на услугите.

Во *десетото поглавје*, авторот се фокусира на Корпорациско претприемништво. Обично се мисли дека претприемништвото е феномен што исклучиво се врзува со малите и средните претпријатија. Ваквата констатација не е спорна, особено ако се има предвид фактот дека сопственикот на мал бизнис има силен мотив на својата фирма да и осигура високи стапки на пораст. Големите претпријатија имаат неодминлива и многу значајна улога во севкупниот економски развој на една земја. Оттука, претприемничката функција не би требало и не би смеело да исчезнува со растежот на претпријатието. Феноменот на примена на претприемничкото однесување во големите претпријатија се нарекува внатрешно претприемништво или корпорациско претприемништво (intrapreneurship). Луѓето коишто демонстрираат претприемничко однесување во големите корпорации се нарекуваат корпорациски претприемачи (intrapreneurs).

Во *единаесетото последно поглавје* авторот Темјановски фокусот на своето внимание го насочува кон Претприемништвото во Република Македонија. Интензивен пораст на малите и средни претпријатија во Република Македонија започна по 1990 година. Меѓутоа, процесот како што беше случај и во останатите земји во транзиција доби карактеристика на «спонтано претприемништво», условено од крупните промени на економскиот и политичкиот систем на земјата.

Од друга страна, регистрирањето голем број нови мали и средни претпријатија (МСП) беше и нормална реакција на граѓаните на земјата на нарушената економска и социјална сигурност, предизвикана од транзицијата, приватизацијата и растечката невработеност. Авторот се осврнува на формите на помагање на претприемничките компании, финансиските извори, но и законските погодности за отпочнување на свој сопствен бизнис, совети поврзани за стартирање нови бизниси, за подобрување и развивање на бизнис-плановите на малите фирми, за иницирање и развојот на бизнис мрежи, за пристапот до финансиски средства, посебно за обезбедување пристап до европските фондови за поддршка на МПС и претприемништвото, совети од даночната сфера, едукативни услуги значително треба да ја подобрат сликата за македонското претприемништво.

**ЗАКЛУЧОК**

Електронскиот учебник „*Претприемништво и иновации*" од проф. д-р Ристе Темјановски е системски и логички подреден на современ начин, и во 11 глави се прикажани теми со соодветна поврзаност на теоријата и практиката на основната проблематика на претприемничкото работење кај нас и во светот. На еден јасен, стручно методолошки пристап и низ практични примери, студентите да можат без тешкотии да ја совладаат оваа материја. Трудот е поткрепен со бројни податоци, документарни табеларни прегледи и графикони, како основа на анализите, истражувањата и констатациите по клучните прашања содржани во трудот. Тие исто така претставуваат аргументација и одговор на бројните прашања за улогата, значењето и перспективата на претприемничкото работење.

Трудот заслужува внимание поради неговата актуелност и методолошки пристап во истражувањето, кој може да се оцени како интегрален, целисходен и исцрпен според широчината на опфатот на спроведените истражувања и информации. Сметаме дека овој труд кој ќе предизвика голем интерес кај нашата јавност, ќе им овозможи на студентите и од економските и останатите научни дисциплини да се стекнат со потребните знаења за оваа област, а ќе даде придонес и во научната и стручната јавност и затоа со големо задоволство препорачувам да биде објавен.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Научно - наставниот совет на Економскиот факултет во Штип да му предложиме овој електорнски учебник со наслов „Претприемништво и иновации" од проф.д-р Ристе Темјановски да го одобри за издавање за Е-библиотека.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Редовен Професор д-р Круме Николоски
Редовен Професор д-р Еленица Софијанова

*Рецензијата ја подготвуваат најмалку двајца наставници од потесната научна област од која е ракописот (учебник, скрипта или учебно помагало). Рецензентите ги избира наставно-научниот совет на факултетот. Ако рецензентите во рок од 3 (три) месеци не ја поднесат рецензијата, наставно-научниот совет на факултетот, избира други рецензенти, при што не може да остане член од првобитниот состав. Рецензиите за ракописот се објавуваат во Универзитетски билтен.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА УЧЕБНИК СО НАСЛОВ „ПРЕВЕДУВАЊЕ – ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА“**
**ОД ПРОФ. Д-Р ДАРИНКА МАРОЛОВА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1902-248/4 од 278. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 28.12.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Билјана Ивановска, редовен професор, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;
- д-р Драгана Кузмановска, вонреден професор, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот учебник со наслов „ПРЕВЕДУВАЊЕ – ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА“ од авторката проф. д-р Даринка Маролова, наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на учебникот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за учебникот:** Учебникот со наслов „ПРЕВЕДУВАЊЕ – ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА од авторката проф. д-р Даринка Маролова е пишуван во согласност со наставниот план и програма за предметите: Преведување и толкување од германски на македонски јазик и обратно (1,2,3,4) – како основно учебно помагало и Теорија на преведување и толкување, како дополнително учебно помагало. Предметите Преведување и толкување од германски на македонски јазик и обратно се изучуваат на студиите од прв циклус на студиската програма Германски јазик и книжевност на насоката за преведување и толкување на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во V, VI, VII и VIII семестар, како задолжителни или изборни предмети, а предметот Теорија на преведувањето и толкувањето се изучува и на студиските програми на англиски јазик и книжевност, турски јазик и книжевност и италијански јазик и книжевност на насоката за преведување и толкување во V и VI семестар, како задолжителен предмет. Предложениот учебник е во согласност со предвидената наставната програма повеќе или помалку кај секој од наведените предмети. Авторката преку овој ракопис, кој се предлага за објавување како рецензиран учебник, умешно ги споила наставните содржини на наведените предмети и потребите на студентите, па изготвила материјал, кој со сигурност во целост ги исполнува критериумите и очекуваните барања на предметните програми кои треба студентите да ги совладаат заклучно со осмиот семестар, а со тоа и да го заокружат четиригодишниот циклус од нивното студирање на насоките за преведување и толкување на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Податоци за обемот на учебникот:** Содржината на учебникот, кој е наменет како главен учебник по предметот Преведување и толкување од германски на

македонски јазик и обратно (од V до VIII семестар), односно како дополнително учебно помагало по предметот Теорија на преведување и толкување (во V и VI семестар), е претставен во форма на текст од неполни 100 страници, надополнет со голем број на табели за поголема прегледност на претставувањето на резултатите од истражувањето, спроведено за целите за овој учебник. Структуриран е во пет поглавја, а содржи и предговор, заклучок, глосар и секако библиографија од околу 60 извори поделени на примарна (која ги вклучува книжевните дела како составен дел на корпусот на истражување) и на секундарна литература, на кирилица или латиница од македонски и странски автори. Учебникот е пишуван на македонски јазик, во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 11.

Обемот на учебникот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и е во согласност со Наставните програми за реализација на наведените предмети, а учебникот е подготвен според критериумите и стандардите во согласност со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебникот со наслов „ПРЕВЕДУВАЊЕ – ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА” е индивидуална творба на авторката, затоа што обработува внимателно одбрана содржина, која е наменета за потребите пред сè на студентите - германисти од трета и четврта година на групата за преведување и толкување на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, а како дополнителна литература по предметот Теорија на преведување и толкување и за студентите на групите за преведување и толкување од другите катедри. Мал број сегменти од теоретскиот дел од содржината претставена во овој учебник се помалку или повеќе застапени и во некои други учебници и учебни помагала кои обработуваат тематики од обласна на транслатологијата, без разлика дали се објавени на македонски, германски, англиски или на друг странски јазик, меѓутоа како целина и особено во делот кој вклучува индивидуално и во својот начин уникатно истражување од страна на авторката, учебникот претставува дело какво што нема во библиотечниот фонд на македонски јазик.

**Краток опис на содржината:** Учебникот е напишан на јасен македонски јазик со академски стил, прифатлив за студентите од трета и четврта година коишто следат настава по различни предмети поврзани со преведувањето и толкувањето. Содржината на учебникот се состои од предговор, пет поглавја, (поглавјата се поделени на потпоглавја), заклучок, користена литература (примарна и секундарна) и глосар на употребуваните поими.

Потребата за создавање на еден ваков рецензиран учебник произлезе од потребата на студентите на групата за преведување и толкување пред сè од Катедрата за германски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, да имаат сублимиран материјал во кој ќе бидат собрани најважните досегашни достигнување пред сè на полето на германската, но и на македонската транслатологија. Со овој драгоцен материјал студентите би можеле да се надградуваат со теоретското знаење, а пак со претставените идеи за практична примена на голем дел од постулатите тие би можеле и да се стекнуваат со вештини за решавање на проблеми во текот на преведувањето на текстови од различен вид, од германски на македонски јазик и обратно, како и да се усовршуваат во таа насока.

На почетокот на учебникот во предговорот авторката проф. д-р Даринка Маролова, обраќајќи им се на читателите, им ја објаснува во кратки црти структурата на учебникот и потребата од еден ваков учебник кој би можел да биде поттик за голем број научници да творат на ова, во овие простори недоволно истражено поле. Авторката свесна за нужноста за непречено креирање на солиден, односно квалитетен транслат укажува на сите можни извори на транслаторни проблеми и евентуални грешки. Ги насочува студентите за поголема способност за самостојно дејствување во насока на решавање на одреден проблем како и за поголема свесност за можностите да се „заглави" на одредени места при преведувањето, ова особено се однесува на неискусните преведувачи (а на почетокот на кариерата секако дека секој е неискусен). Притоа како нишка низ целиот труд се провлекува прашањето дали и до која мера преведувачот треба да биде доследен на формата, односно на идејата што треба да ја пренесе за новиот реципиент, кој се наоѓа во друга ситуациска и културна средина.

Материјата што се обработува во овој учебник е систематизирана во пет поглавја, заклучок, глосар и користена литература.

**Првото поглавје** е насловено како ***Вовед во основните транслатолошки теми,*** каде што најпрво се дава кус осврт на историскиот развој на науката за преведувањето, а потоа во делот за современите теории хронолошки се наведуваат најпознатите теории од минатите децении (затоа што станува збор за наука од понов датум) заедно со најважните претставници на секоја теорија, задржувајќи се најмногу на интерпретативната теорија. На интерпретативната теорија ѐ е посветено посебно потпоглавје, кое оваа теорија ја објаснува од аспект на нејзината применливост во преведувачкиот процес. Понатаму како мошне релевантна транслатолошка тема се разработува концептот на еквивалентност, како од аспект на науката за преведување, така и од аспект на преведувачката пракса, притоа се укажува на постоењето или непостоењето на целосна, односно на делумна еквивалентност. Во рамките на ова поглавје се претставува и текстот како важна алка во синџирот на процесот на транслација како и текст-анализата, релевантна за преведувањето, заедно со најзначајните надворешни и внатрешни фактори. А, секако не изостануваат и потпоглавјата посветени на видовите преведување со наведување на најважните карактеристики.

**Второто поглавје** е насловено како ***Релевантни транслатолошки поими.*** Овде во кратки црти се дефинираат и разграничуваат значајни поими како што се: транслаторните проблеми, наспрема транслаторите тешкотии, транслаторните постапки, наспрема транслаторните стратегии, како и транслаторната грешка.

***Транслаторни постапки во преведувачката пракса*** е насловот на **третото поглавје** каде авторката дава јасна слика и укажува на примената на секоја од главните постапки (или методи), како што се: транскрипција, буквален превод, приближен превод, парафраза, транспозиција, модулација, адаптација и испуштање. Примената на секоја од наведените постапки се поткрепува со листа од примери собрани како резултат на едно поопсежно истражување на авторката во корпусот на германската, односно на македонската книжевност.

***Специфични појави со проблематична транслаторна природа*** е насловот на **четвртото поглавје** каде авторката поради поголема прегледност нуди поделба на ваквите појави со проблематична природа на: јазично-специфични и културно-специфични. Во рамките на јазично-специфичните појави авторката дава на знаење дека несомнено повеќезначноста и лажните парови би можеле да бидат причина за транслаторен проблем, па дури и за грешка, па таа истовремено нуди решенија како би можел преведувачот умешно да се справи со нив. Во рамките на културно-специфичните феномени авторката ги анализира овие феномени на полето на лексиката, граматиката и на начинот на комуницирање, повторно вршејќи длабинско истражување во корпусот од германската и од македонската книжевност и наведувајќи репрезентативни примери, паралелно со нивните преводи. А како посебен феномен во начинот на комуницирање со културна заднина се издвоени фразеологизмите и метафората, кои содржат особено јак културен набој, што би можело навистина да му предизвика големи главоболки на преведувачот. И кај ваквите изрази авторката нуди решенија.

**Петтото поглавје** со наслов ***Практикум со задачи и можни решенија*** е еден вид на додаток на теоретскиот дел, каде што земајќи го предвид сето свое искуство и како преведувач и како наставник по предметите за преведување и толкување, авторката нуди листа на задачи за решавање, но и за размислување / истражување поврзани со преведувачката пракса. Таа нуди материјали од реални ситуации, така што идниот преведувач би можел да се почувствува како да е ангажиран вистински со налог за преведување. Во првиот дел задачите се однесуваат на преведување и на примена на теоретското знаење во пракса врз превод на книжевен текст, и од германски на македонски и од македонски на германски јазик, а во вториот дел од ова поглавје се сместени задачи во врска со преведувањето и примената на теоретското знаење во пракса врз превод на стручен текст во двете насоки. Она што го прави посебно уникатен овој учебник е што авторката без колебање нуди и можни решенија. Дали студентот ќе се сложи со секое од понуденото решение, авторката остава секој сам да расуди со активирање на својот критички дух, па дури и да понуди подобро решение. А тоа е всушност и смислата на секоја научна работа.

На крај е ***Заклучокот*** со заклучните согледувања, каде што авторката ги презентира накусо резултатите од истражувањата спроведени во секое поглавје во теоретскиот и во практичниот дел од учебникот.

На крајот од учебникот авторката изработила и глосар на поими кои се поврзани со оваа тематика, како би можела да им помогне на студентите, но и на секој истражувач кој се занимава со оваа проблематика, брзо и едноставно да дојде до информации за бараниот поим.

Во делот за користена литература е понуден разнолик корпус на примарна и секундарна литература, кој е користен за целите на изработката на овој учебник.

## ЗАКЛУЧОК

Учебникот на проф. д-р Даринка Маролова со наслов „**Преведување – теорија и практика**“ е понуден за објавување како рецензиран учебник во електронска форма на веб-страницата од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Тој е своевиден и уникатен прилог со голема вредност пред сѐ за македонската транслатологија.

Авторката проф. д-р Даринка Маролова во текот на составувањето на текстот применувала современи методи кои се користат во истражувачката практика, поврзувајќи го теоретското со емпириското и успеала да одговори на пред неа поставените задачи и да ги постигне посакуваните цели, а една од нив е учебникот да им биде од голема корист на студентите, но и на истражувачите во градењето на нивната кариера. Применетата методологија е соодветна за проблематиката што се обработува и нуди релевантни научни сознанија.

Содржината на учебникот, прегледноста и структурната организираност во поглавја и потпоглавја, пристапот кон проблематиката и начинот на којшто е изложена обезбедената материја, како и задачите кои имаат за цел да ги поттикнат студентите на размислување и да ги усовршат во решавањето на проблемите покажуваат дека авторката успеала да го сплоти во еден ракопис сето нејзино знаење и искуство и да им го направи достапно на читателите.

За крај може да се констатира дека приложениот учебник во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на електронски учебник според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Ценејќи ја тежината и важноста на трудот, Рецензентската комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип да го усвои овој извештај за објавување во е-библиотеката на веб-станицата на Универзитетот како рецензиран учебник по предметите Преведување и толкување од германски на македонски јазик и обратно (од V до VIII семестар) и Теорија на преведување и толкување (во V и во VI семестар).

**Рецензенти**
Д-р Билјана Ивановска, редовен професор, с.р.
Д-р Драгана Кузмановска, вонреден професор, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ОРТОПЕДИЈА НА ЗАБИ И ВИЛИЦИ” ОД ПРОФ. Д-Р СОФИЈА ЦАРЧЕВА-ШАЉА, ПРОФ. Д-Р БИЉАНА ЦИПУНОВА И АС. Д-Р САНДРА АТАНАСОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-270/24 од 311. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 31.10.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Јулијана Ѓоргова, редовен професор во пензија, област ортодонција;
- д-р Ивона Ковачевска, редовен професор, вработена на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, област дентална патологија

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „Ортопедија на заби и вилици” од авторките проф. д-р Софија Царчева-Шаља, проф. д-р Биљана Ципунова и ас. д-р Сандра Атанасова, наменет за студентите запишани на интегрираните студии по дентална медицина на прв и втор циклус (академски) студии и за студентите на прв циклус студии за забен техничар -протетичар (стручни студии) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Ортопедија на заби и вилици“ е наменет за студентите на студиската програма Дентална медицина, интегрирани студии од прв и втор циклус и за студиската програма Забен техничар-протетичар, стручни студии од прв циклус. Приложениот ракопис (учебник) е во целост осмислен и реализиран според Наставниот план и програма на предметот Основи на ортопедија на заби и вилици, кој се изучува на студиите на студиската програма Дентална медицина, во шести семестар, со 2+2+1 неделен фонд на часови и 4 кредити на студиите по дентална медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

Доставениот ракопис за рецензија во целина претставува комплетен материјал претставен во една логичка и рационална целина преку кој студентите во потполност ќе имаат можност да ја совладаат наставната материја и да се стекнат со соодветен квантум на теоретски познавања, според поставените барања на ЕКТС системот. Учебникот е напишан на соодветен стил и на едноставен јазик со што е овозможено успешно совладување на материјалот за горенаведените предмети.

**Податоци за обемот на ракописот:** Доставениот материјал содржи од 239 страници во А4 формат, потполно приготвен во согласност според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Воедно, приложениот ракопис содржи

вкупно 185 илустрации (фотографии) и 2 табели, со чијашто помош се надополнува и надградува текстот. Текстот на учебникот е концилиран така што поседува 12 поглавја. Врз основа на тоа, слободно можеме да заклучиме дека обемот на учебникот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и дадените кредите за предметот основи на ортопедија на заби и вилици.

Тргнувајќи од фактот што досега не постои комплетен учебник кој би ги задоволил потребите на студентите по овој предмет, ја наметнува и потребата од пишување на еден ваков учебник, наменет првенствено за студентите по дентална медицина, но истиот може да послужи и за студентите од студиската програма за забни техничари-протетичари, како и за студентите запишани на специјалистички студии по ортодонција, како и забен техничар протетичар, со цел продлабочување на стекнатите знаења. Поради недоволниот квантум на учебници или пак учебни помагала кои ја опфаќаат оваа материја, како и можноста за совладување на основните теоретски и практични познавања, овој учебник е вистинска потреба за студентите. Притоа, авторките на едноставен начин, со јасен стил, концизност и чиста мисла ја приложуваат обработената материја.

**Краток опис на содржината:** Материјалот презентиран во овој ракопис корелира со наставната програма. Со совладување на материјалот им се овозможува на студентите стекнатите знаења да ги применат во понатамошната нивна пракса. Содржините поставени во овој учебник се конципирани како тематски целини, при што е зачуван принципот на постапност, темите се јасно обработени и илустрирани со соодветни фотографии и илустрации, со што се овозможува системско совладување на ортодонцијата во рамките на својата секојдневна пракса.

Во првата глава авторките даваат краток опис на ортодонцијата како наука, при што на почетокот се презентирани дефинициите за ортодонцијата како наука и ортодонтските малоклузи. Следува описот на ортодонцијата денес и во минатото, како и на поделбата на ортодонцијата. Во ова поглавје презентирани се и целите на ортодонцијата. Нормалната оклузија и различните типови на дентални аномалии се опишани во последниот дел од првото поглавје.

Во второто поглавје авторките ги прикажуваат етиологијата и класификацијата на малоклузиите. Во првиот дел се опишани етиолошките фактори кои доведуваат до појава на ортодонтските аномалии. Во вториот дел од ова поглавје се дадени методите за квалитативна и квантитативна проценка на малоклузиите. Следува опис на најчесто користените класификациски системи и индекси - класификација на Angle, Класификација на институтот за британски стандарди, индексот за потреба од ортодонтски третман, Peer Assessment Rating, Индексот на комплексност, резултат и потреба од ортодонтски третман и индексот на ортогнат функционален третман. На крајот од ова поглавје презентирани се клучевите на оклузија по Andrews.

Во третото поглавје на приложениот ракопис на едноставен и краток начин прикажани се бенефитите и потенцијални ризици од ортодонтски третман. На почетокот од ова поглавје е даден приказ на ортодонцијата како дел од концептот на лицева естетика. Во ова поглавје презентирани се бенефитите од ортодонтската терапија и по однос на денталното и оралното здравје, така и во контекст на поврзаноста на ортодонтскиот третман (добивањето на насмевка со правилни функционални и естетски параметри) со квалитетот на живот. На крајот на ова

поглавје опишани се потенцијалните ризици поврзани со спроведувањето на ортодонтскиот третман.

Четвртото поглавје во целост е насочено кон опис на малоклузија I (прва) класа. Прикажана е етиологијата на овој тип на малоклузија, презентирани се случаи каде што постои дискрепанција (разлика) помеѓу дентоалвеоларните продолжетоци и мезиодисталната ширина на забите, а со тоа последователната појава на растреситост или збиеност. Следува описот на последиците од раната загуба на први перманентни молари и од поместувањето на забите. Презентирани се и вертикалните и трансферзалните дискрепанции, како и појавата на бимаксиларна протрузија. На крајот од ова поглавје е даден опис за менаџирање на третман по трауматско губење на инцизив. Текстот изобилува со бројни фотографии кои потекнуваат од пациенти со дадената аномалија со цел полесно совладување на теоретскиот дел.

Петтото поглавје се однесува на малоклузија II (втора) класа прво одделение. Во приложениот текст на почетокот се презентирани етиолошките аспекти, карактеристиките на оклузијата и лицевите карактеристики, како и целите на третман кај оваа аномалија. На крајот од ова поглавје презентирани се опциите за план на третман кај овој тип на аномалии.

Шестото поглавје од овој учебник авторките го насочиле кон описот на ортодонтската аномалија - малоклузија II (втора) класа второ одделение. На почетокот од ова поглавје е презентирана етиологијата на оваа аномалија, по што следи опис на нејзините основните карактеристики. Во последниот дел од ова поглавје се опишани целите и методите на третман.

Во седмото поглавје е опишана малоклузијата III (трета) класа. Презентирани се етиолошките фактори и оклузалните карактеристики на овој тип на малоклузија. Во текстот кој следува е презентиран детален опис на загризот, денталните лакови и лицевите карактеристики присутни кај оваа аномалија, а воедно е даден и опис на планот на третман и опциите за спроведување на истиот.

Во осмото поглавје е објаснет вкрстениот загриз како ортодонтска аномалија. На почетокот е дадена дефиницијата за оваа аномалија, по што следува опис на етиологија и на типовите на вкрстен загриз. Посебен аспект на ова поглавје е даден и на можностите за менаџирање на оваа ортодонтска аномалија.

Во рамките на деветтото поглавје е обработена материја која се однесува на антериорно и постериорно поставените отворени загризи кои влегуваат во склоп на малоклузиите кои се јавуваат во вертикален правец. Првиот дел од ова поглавје е насочен кон антериорниот отворен загриз, неговата етиологија и можностите за третман. Вториот дел од ова поглавје, пак, се занимава со проблематиката на постериорно отворениот загриз.

Во десетто поглавје од овој учебник е даден опис различните аспекти на ортодонтското сидриште. Опишани се различните аспекти за потребите од сидриште, како и класификација на сидриштето. Даден е опис на екстраоралната анкаража, како и на различните типови на интраорално сидриште. Посебен аспект во ова поглавје е насочен кон следењето на анкаражата во текот на ортодонтскиот третман, како и за вообичаените проблеми поврзани со сидриштето.

Во единаесеттото поглавје авторките даваат приказ на интрацептивната ортодонција и нејзиното значење во ортодонцијата. На почетокот од ова поглавје се опишани фиксните и мобилните чувари на простор, по што следува опис на вежбите со шпатула и употребата на коса рамнина. Опишани се можностите за

употреба на lip bumper, вестибуларна плоча и брадова држалка. Во ова поглавје е даден опис и на техниките на селективно соструживање и сериска екстракција на забите. На крајот од ова поглавје се опишани и миофункционалните вежби.

Во дванаесеттото последно поглавје е опишана биолошката основа на ортодонтската терапија. На почетокот се презентирани периодонталниот и коскениот одговор на нормалната функција, по што е презентиран одговорот на коската и периодонталниот лигамент кон непрекината ортодонтска сила. Посебен аспект на ова поглавје е даден на биолошката контрола на движењето на забот и ефектите од јачината на силата. Следува опис на ефектите од распределувањето на силата и типови на движење на забот. Презентирани се и ефектите од лековите врз одговорот на ортодонтската терапија, како и можностите за контрола на анакаражата. На крајот од ова поглавје се презентирани штетните ефекти на ортодонтската сила врз стоматогнатиот систем, лицевиот изглед и симетрија, како и ефектите на ортодонтската сила врз мандибулата.

На крајот од овој учебник е дадена користената литература, при што може да се забележи дека при изработката на истиот е цитирана литература која се состои од научни и стручни трудови, учебници и учебни помагала од понов датум.

Согледувајќи го ракописот во целост се добива впечатокот дека тој би ја постигнал својата основна цел - студентите да ги совладаат основните знаења за ортодонцијата кои ќе бидат потребни во текот на нивната понатамошна пракса како клиничари. Ракописот нуди можност студентите да се запознаат со основните ортодонтски аномалии, нивната етиологија, клинички карактеристики, план на третман и опциите за терапија. Исто така, ракописот ги задоволува критериумите за објавување и од таа причина, Рецензентската комисија дава предлог истиот да биде категоризиран како учебник.

Може да се забележи, исто така, дека ракописот „Ортопедија на заби и вилици“ од проф. д-р Софија Царчева-Шаља, проф. д-р Биљана Ципунова и ас. д-р Сандра Атанасова е пишуван на адекватен литературен македонски јазик, со лесен и разбирлив стил. Материјалот е адекватно стручно и научно обработен, збогатен со најнови сознанија од современата стручна литература и богато е илустриран со фотографии, што го прави прегледен и лесно разбирлив за студентите. Концепциски е адекватно обмислен, а содржините едноставно прикажани што остава впечаток на лесно апликативна материјал.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата го предложува следниов

**ЗАКЛУЧОК**

Приложениот ракопис „Ортопедија на заби и вилици" од авторките проф. д-р Софија Царчева-Шаља, проф. д-р Биљана Ципунова и ас. д-р Сандра Атанасова, во целост е во согласност со наставната материја предвидена во програмата за предметот Основи на ортопедија на заби и вилици за студентите на интегрирани студии од прв и втор циклус по дентална медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Адекватно и систематично со употреба на едноставен јазик и лесен стил авторите се потрудиле да ја презентираат материјата на студентите, за што полесно совладување на методските единици. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебник и условите за издавање на учебник, пропишани според Правилникот за единствените основни за остварувања на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Рецензентската комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки ракописот „Ортопедија на заби и вилици" од авторките проф. д-р Софија Царчева-Шаља, проф. д-р Биљана Ципунова и ас. д-р Сандра Атанасова да биде издаден како учебник за студентите на интегрирани студии од прв и втор циклус по дентална медицина на Факултетот за медицински науки при  Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Рецензенти**
Д-р Јулијана Ѓоргова, редовен професор, с.р.
Д-р Ивона, Ковачевска, редовен професор, с.р.

**ПРЕГЛЕД**
**на прифатени теми за изработка на докторски трудови од Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 и Кампус 2**

| | Број и датум на Одлука за прифаќање на темата | Назив на темата | | Име и презиме на ментори | Име и презиме на студент |
|---|---|---|---|---|---|
| | | На македонски јазик | На англиски јазик | | |
| ФМН | 0206-140/2 од 1.2.2024 г. | „Компаративна анализа на предвиденото и постигнатото поместување на забите со примена на фиксни апарати и алајнери“ | „Comparative analysis of predicted and achieved teeth movement using fixed appliabces and aligners“ | интерен ментор проф. д-р Цена Димова екстерен ментор проф. д-р Марија Зужелова | Фадиљ Азизи |
| ФМН | 0202-140/3 од 1.2.2024 г. | „Евалуација на степенот на релевантност на туморските биомаркери како скрининг индикатори за рано откривање на карциномот на простатичната жлезда“ | „ Evaluation of the degree of relevance of tumor biomarkers as screening indicators for early detection of prostate gland carcinoma“ | интерен ментор проф. д-р Јован Ивчев<br>екстерен ментор проф. д-р Катерина Тошевска-Трајковска | Игор Минев |
| ФМН | 0206-140/4 од 1.2.2024 г. | „Управување и дијагноза кај пациенти со плеврален излив кои се подложни на торакоцентеза“ | „Management and diagnosis in patients with pleural effusion undergoing thoracocentesis“ | интерен ментор проф. д-р Татјана Рушковска<br>екстерен ментор проф. д-р Дејан Докиќ | Ружди Реџепи |
| ФМН | 0206-140/5 од 1.2.2024 г. | „Нова перспектива на биолошката терапија во третманот на макуларна дегенерација поврзана со возраста“ | „ New perspective of biological therapy in treatment of age-related macular degeneration“ | интерен ментор проф. д-р Невенка Величкова<br>екстерен ментор проф. д-р Емилија Ѓошевска Даштевска | Арсим Хајдари |
| ФПТН | 0206-117/3 од 2.2.2024 г. | „Интегрирана методологија за анализа на геолошки структури и процеси со примена на современи технологии“ | „Integrated methodology for the analysis of geological structures and processes using contemporary technologies“ | интерен ментор проф. д-р Гоше Петров, екстерен ментор проф. д-р Милорад Јовановски | Игор Ивановски |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно- научниот совет на единицата**

| Билтен 15.2.2024 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
| ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ | 1. Безбедност на бунарската вода за потребите во руралните средини: ризици и решенија | 1302-51/11 од 31.1.2024 год. | Проф. д-р Димитар Наков | Анкица Анастасова |
| | 2. Карактеризација на минерален состав на храна од животинско и растително потекло | 1302-51/10 од 31.1.2024 год. | Проф. д-р Биљана Балабанова | Лолита Спирова |
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 3. Мотилитет на очите и страбизам | 2002-35/26 од 24.1.2024 год. | Доц. д-р Беким Татеши | Ангела Петреска |
| | 4. Раѓање, нега и примарна реанимација на новородено | 2002-35/27 од 24.1.2024 год. | Проф. д-р Гордана Камчева-Михаилова | Сандра Цаневска-Трајковска |
| | 5. Современи технологии во грижата на дијабетесот | 2002-35/28 од 24.1.2024 год. | Проф. д-р Ивица Смоковски | Наиље Тахири |
| | 6. Инциденца на акутен миокарден инфаркт во период од 2020 до 2022 година на Кардиолошкото интензивно одделение во ЈЗУ Клиничка болница - Штип | 2002-35/29 од 24.1.2024 год. | Проф. д-р Гордана Камчева-Михаилова | Кефајет Мусли-Зенули |
| | 7. Примена на краниосакралната терапија како терапевтски третман кај најчестите проблеми во цервикалната регија | 2002-35/30 од 24.1.2024 год. | Проф. д-р Данче Василева | Дејан Ѓорѓиевски |
| | 8. Амблиопија во детска возраст | 2002-35/31 од 24.1.2024 год. | Доц. д-р Беким Татеши | Весна Саздова |
| | 9. Анестезиолошки предизвици при ТАВИ процедура | 2002-35/32 од 24.1.2024 год. | Проф. д-р Татјана Тројиќ | Ангела Блажовска |
| | 10. Кинезитерапевтски третман на дванаесетте главни меридијани и миофасцијални линии кај лица со лумбосакрална болка | 2002-35/33 од 24.1.2024 год. | Проф. д-р Тоше Крстев | Дејан Ѓорѓиевски |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 11. Минимално инвазивни хируршки интервенции во урологијата, видови и специфичности на инструментариумот и технолошка опрема за изведување на истите | 2002-46/25 од 5.2.2024 год. | Проф. д-р Јован Ивчев | Дијана Бојоска |
| | 12. Инструментариум за хируршки процедури во гинекологија | 2002-46/26 од 5.2.2024 год. | Проф. д-р Јован Ивчев | Миранда Јахја |
| | 13. Оштетувањето на видот кај постарите лица | 2002-46/27 од 5.2.2024 год. | Проф. д-р Страхил Газепов | Елена Јакимовски |
| | 14. Рефракција на пациент со слаб вид | 2002-46/28 од 5.2.2024 год. | Проф. д-р Страхил Газепов | Стефани Владимирова |
| | 15. Помагала за подобрување на слаб вид | 2002-46/29 од 5.2.2024 год. | Проф. д-р Страхил Газепов | Марија Цветкова |
| | 16. Примена на методот на Feldenkrais кај пациенти со мултиплекс склероза | 2002-46/30 од 5.2.2024 год. | Проф. д-р Данче Василева | Катерина Витанова |
| ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ | 17. Примена на анализата на финансиските извештаи во процесот на кредитирање на правните лица, со осврт на одобрување на кредити во НЛБ групацијата | 1202-83/10 од 6.7.2022 год. | Проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска | Александра Димитровска Горгиева |
| | 18. Кредитната анализа во функција на ефикасно на микрофинансирање со посебен осврт на кредитирањето на Стопанска Банка АД Скопје | 1202-59/9 од 6.4.2022 год. | Проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска | Анита Горгијевска |